СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
од продолжението на Седмата седница на Собранието на СР Македонија,
одржана на 28 февруари 1991 година

Скопје 28 февруари 1991 година

СЕДМА (7) СЕДНИЦА, ОДРЖАНА НА 28.02.1991 год.

Дискутант: СТР:


СТОЈАН АНДОВ ... 1
ВАСИЛ ВЛАШКИ ... 4
ДУШКО ПЕТРЕСКИ... 15
СВЕТО ВАСИЛЕСКИ ... 20,82
ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ... 24
ИВАН ИВАНОВ ... 27
ДУШАН ТРПЧЕСКИ ... 29
ПЕТАР ГОШЕВ ... 32,40
ДРАГИ АРСОВ ... 39
БИЛАНА ЛАЗАРЕВСКА ... 40
ШАБАН ПРЕВАЛА ... 43
ФАИК АБДИ ... 47
ЈОВАН НИКОЛОВСКИ ... 50
СИМЕОН ИВАНОВСКИ ...53
ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ ..57,63
ПЕТАР ДАВЧЕВ ...58
БЛАГОЈА ХАНЏИСКИ ...59
АРНАУДОВ ...65
ДУШКО НИКОЛОВСКИ ...66
СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА ...69
ПЕТАР ГЕОРГИЕВ ...70
ТОДОР ПЕТРОВ ...72,74
ВАСИЛ ЗИМБАКОВ ...75
СИМЕОН НАУМОВСКИ ...77,79
ЛУПЧО ЈАКИМОВСКИ ...81
ТРАЈАН МИЦЕВСКИ ...83

СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
од продолжението на Седмата седница на Собранието на СР Македонија, одржана на 28 февруари 1991 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на СРМ, сала број 1, со почеток во 11 часот.
Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Стојан Андов, претседател на Собранието на СРМ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа по точките од дневниот ред од Седмата седница на Собранието.
Пратениците Флоре Масалковски и Ристо Јованов поради оправдани причини ме известија дека се одздадни и не можат да присуствуваат на седницава.
Констатирам дека на седницава присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува
4 Минуваме на точката 4 - Состојби и проблеми во репродукцијата во Социјалистичка Република Македонија на почетокот од 1991 година, со
- Барање од седницата на Советот на Сојузот на синдикатите на Македонија одржана на 21 декември 1990 година во врска со актуелната стопанска ситуација во Републиката и макроекономската политика за 1991 година;

- Барањата усвоени на проширената седница на Претседателството на Советот на Сојузот на синдикатите на Македонија одржана на 21 јануари 1991 година .
- Предлогот на мерки од Собранието на Стопанската комора на Македонија за состојбите во стопанството на Републиката и одразот на мерките на економската политика за почетокот на 1991 година.
Материјалите ви се доставени.

Исто така, доставен ви е Дописот од Извршниот совет на Собранието на СРМ по барањата на Советот на Сојузот на синдикатите на Македонија.
Мислењето на Извршниот совет на Собранието на СРМ по
предлогот на мерките од Собранието на Стопанската комора на Македонија ви е поделено.
Исто така извештаите и предлогот на заклучокот од пратеничките групи за прашања од областа на стопанството и општествени-
те дејности, ви се поделени,
Воведно излагање по материјалот Состојби и проблеми во Републиката во Социјалистичка Република Македонија на почетокот од 1991 година ќе поднесе инж. Васил Влашки, потпретседател на Извршниот совет на Собранието на СРМ.
Има збор инж. Васил Влашки, потпретседател на Извршниот совет на Собранието на СРМ.

**ВАСИЛ ВЛАШКИ: (ПРИОГ)**

Васил Влашки,потпретседател на
Извршниот совет на
Собранието на СР Македонија.

Скопје,28.02.1991 година

ЕМБАРГО ДО ЧИТАЊЕТО

Уводно излагаше по материјалот "Состојби и проблеми во репродукцијата во СР Македонија во почетокот на 1991 година", поднесено на седницата на Собранието на СРМ, одржана на 28.02.1991 година

Почитуван претседател,

Почитувани пратеници,

Сведоци и учесници сме на Историски настани во земјата и Републиката кои се манифестираат низ брзите промени на ставовите на поодделни републики за разрешување на економската и политичката криза.

Централно место во односите во земјата/зазема политичкото договарање за идното уредување на земјата. Проблемите добиваат посебна тежина поради блокадите што ги прават одделни републики
за функционирањето на правната држава, со што се запира процесот на реализацијата на стопанската реформа.

Следејќи ги состојбите во континуитет^Извршниот совет преземаше соодветни мерки за заштита на интересите на Републиката, а на Собранието на СР Македонија му предлагаше донесување на мерки кои се од негова надлежност. Во таа насока се бројните мислења и предлози на закони и денешниот материјал "Состојби и проблеми во репродукцијата во СР Македонија во почетокот на 1991 го дина".

Заради обезбедување на континуитет во работата на Владата и на Собранието на СР Македонија за актуелните проблеми, Извршниот совет подготви работен текст на Програмата за мерките на економската политика во Републиката за 1991 година.

Актуелните прашања во земјата кои силно го оптоваруваат општес-твено-економскиот и политичкиот развој имаат изразито неповолни реперкусии врз стопанската активност, состојбата во општествени те дејности и животниот стандард на граѓаните. Со поставување дневен ред на Собранието на СР Македонија на материјалот на Извршниот совет •'Состојби и проблеми во репродукцијата во СР Македонија во почетокот на 1991 година", пратениците во новиот состав на Собранието за прв пат ќе расправаат и за економските проблеми во Републиката кои со оглед на својата сложеност и значење во наредниот период ќе имаат посебно место во собранискиот живот.

Во материјалот што Ви е презентиран, образложено се прикажани
состојбите во стопанството и општествените дејности, па во моево излагање ке се задржам само на најзначазните прашања кои влијаеја врз стопанската

активност во последните месеци од минатата и почетокот на оваа година и на мерките што ги преземаше Извршниот совет за надминување на состојбите.

Условите за стопанисување во текот на минатата година пределени со Програмата за економска реформа на Сојузниот вршен совет и Програмата на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија. Социјалистичка Република Македонија ја поддржа Сојузната програма, бидејќи таа, во најголем дел се совпаѓаше со гледањата и интересите на Републиката и која со доследно почитуваше на економските цели .

Во Програмата за излез од економската криза. мата особено беа значајни мерките за соборување на инфлацијата, стабилноста на курсот на динарот, идентификација и санирање на дефицитите и дубиозите во стопанството и банките, надпросечна-та задолженост,. налуштање на ревалорнзацизата и индексацијата на кредитите и за прв пат учество на Федерацијата во остварува-в»ето на социјалната политика.

При донесувањето на Програмата и нејзиното дополнување ставив-ме забелешки во однос на потребата за поголемо учество на Феде-рацијата во остварувањето на социјалните програми, редовна вало-ризација и измирување на обврските на Федерацијата по сојузните закони, отпочнувањето-на новиот инвестиционен циклус и санација на банкарскиот систем, бидејќи во постојните услови банките тојуваа своите дубиози и дефицити да ги покриваат со високи кама ти со што финансиски го исцрпуваа стопанството и го доведуваа во состојба на неконкурентност на светскиот пазар.

Со реализацијата на Програмата на Сојузниот извршен совет во
1990 година покрај значајните ефекти на соборување на инфлација-
та и конвертибилноста на динарот,во Републиката бележиме и дру
ги позитивни резултати кои можат да се согледаат преку компаративните показатели по периодичните пресметки за деветте месеци од минатата година.

Учеството на (6,1%) СР Македонија во вкупниот приход на ниво на исповедно со нашето учество (б%) во вкупната емулација. Во вкупната загуба СР Македонија ,4%, а учеството на загубите во доходот кај
Земјата (6,1%) е истоветно со нашето учество (6%) во вкупната југословенска акумулација. Во вкупната загуба СР Македонија учествува со само 3,4%, а учеството на загубите во доходот кај нас изнесуваат само 11,7%, односно многу помалку отколку во земјата (19,.%), или во однос на БиХ (23%), Словенија (21%), Србија (24%) итн. Загубите во СР Македонија се за *2,7* пати поголеми од акумулацијата,а во СФРЈ 4,8 пати, во БиХ 9 пати, Словенија 5,5 пати Србија 6,6 пати и сл.
Исто така, имаме и подобар однос на акумулацијата во доходот (4% во СРМ,

3,6% во СФРЈ, 3,3% во Словени-ја и Србија) . Во секундарната распределба, СР Македонија има нај-висок дел од доходот што им останува на претпријатијата (62,8%) во однос на СФРЈ (56,9%), Хрватска (54,.%3., Србија (59, %) и др. Со преземените мерки од последниот квартал од минаттата година и со донесениот Републички закон за оваа година, очекуваме овие позитивни тенденции да продолжат и во оваа година.

Во областа на сопственичкото преструктуирање, издадените акции и сврзници на претпријатијата изнесуваат околу 1,7 милјарди динари, што е за 2,4 пати повеќе од издвоените средства за акумулација во деветте месеци*од претходната година, што покажува дека процесот на сопственичкото преструктуирање и покрај се уште снажните отпори во некои средини, во нашата Република е веќе започнат.

Почитувани пратеници,

Вториот дел од годината се карактеризира со флагрантни примери на непочитување на Уставот на СФРЈ, сојузните прописи и блокирање на процесите во спроведувањето на политичката и економска-та реФорма, со што е запрен позитивниот тренд на движење на стопанството во СРМ, па затоа, во моево излагање ке доминираат аспектите на таквите појави и последиците од нив.

Појавите на неспроведување и непочитување на сојузните законски прописи и донесувањето одлуки и законски акти во «рдделни републики кои се во спротивност со Уставот на СФРЈ и со сојузните закони условија Федерацијата или пак одредени други институции кои се финансираат на сојузно ниво да не можат да ги остваруваат обврските спрема одделни републики. Запрен е приливот на- финансиски средства во Републиката по основ на Фондот на федерацијата и на средствата за интервенции во стопанството од Сојузниот буџет, не се реализираат мерките од Програмата на економска реформа во делот за поттикнување на инвестициониот циклус, санациите за поттикнување на инвестициониот циклус, социјалната програма, не функционира единствениот југословенски пазар, доаѓа до затворање на републиките, нарушени се купопродажните и деловните односи меѓу претпријатијата од различни републики, не се извршуваат акцептните налози, па дури *и* судските решенија.

Како последица на сето ова во минатата година, а особено во пос ледното тримесечие, во Републиката дојде до влошување на состој бите во стопанството, опаѓање на индустриското производство,до неповолни тенденции во надворешно-трговската размена, банките, драстично влошување на ликвидноста на стопанството и банките, зголемување на несолвентноста и до нередовни исплати на личните доходи со го леми

реперкусии врз порастот на невработеноста и усложнување на проблемите во однос на социјалната издржливост.

Најголем проблем за стопанството на Републиката претставува не-ликвидноста која го блокира тековното работење и репродукцијата во целина, На неликвидноста, покрај намалениот обем на производ-ството и усдугите и неножноста на банките да ги следа потребите на претпријатијата за обртни средства во голема мера влијаат и настанатите блокади во финансиската сфера кои се резултат на неиз-вршувањето на обврските на Федерацијата спрема Републиката, висо-киот износ на ненаплатените побарувања на нашите претпријатија од претпријатијата во другите републики и нефункционирањето на инстру-ментите ва платниот промет. Не помалку е критична состојбата со ненаплатените побарувања од земјите со клириншки начин на плаќање и
од Ирак.
Во таков амбиент, почитувани пратеници, опаѓањето на индустријата во
(СФРЈ 10,9%) , е резултат и на преструктуирањето на производството' кон подохо довни програми, но опаѓањето на производството во јануари оваа година од 20,9% Веќе претставува појава која сериозно загрижува и бара дополнителни мерки на ниво на земјата за негово оживување Извозот во минатата година опадна за 7,8%, а во јануари 1991 го-дина во однос на истиот месец од минатата година за 21,8% (СФРЈ 7,3%).

Како резултат на условите создадени со системските решенија и пазарната ориентација во развојот, во минатата година се регистрирани 6162 претпријатија во приватниот сектор. И покрај тоа што најголемиот број на приватни претпријатија се од областа на трговијата, ова се значајни чекори кон преструктуирање на соп-ственичките односи, подобрување на снабденоста на пазарот, лемување на конкуренцијата и создавање можности за поголемб вра ботување.

Последиците од сушата во оваа година го доведе во изразито неповолна состојба. Вкупните штети то од сушата во минат.ата година се проценуваат на земјоделството во зем]оделство 5,1 млрд.дин

Просечниот месечен личен 4.051 динар и заостанува (5.800 динари)
Нередовното исплатување на личните доходи во стопанството, исплата на загарантиран личен доход во голем број претпријатија кои се ослободени од плаќање на дел од придонесите, појавата личните доходи да се исплатуваат во бонови или во натура со што се избегнува уплатувањето на придонесите и даноците за општествената заедница и широката мрежа на институции н права, ги доведоа општествените дејности во положба да не можат да ги извршуваат своите основни обврски а нередовната исплата на лични доходи предизвика штрајкови на вработените во одделни установи и притисоци потребните средства за овие дејнос та да се обезбедат надвор од системот на

финансирањето.
Но и покрај јасната општествена определба во последните години, за намалувањето на стапките на зафаќање за финансирање на јавната потрошувачка, СИЗ-овското организирање не ја прифати потребата sa рационализација на мрежата на институциите дејности и нејзино усогласување со реалните можности и потреби ва стопанството, а уставните позиции го ограничуваа Извршниот совет тоа да го оживотвори.

Иввестициите за основни срехкгва реално се преполовија, а пора ди прехинот на приливот на средствата од Фондот на федерација запрена е реализација на 245 проекти.

Така кон крајот на минатата и на почетокот на оваа година, банките во Републиката се најдоа во состојба од една страна да мораат да ги намалуваат обврските на претпријатиајта спрема странство и да вршат исплата на штедните влогови на населението, а од дру га страна да не можат да ги наплатат своите побарувања од претпријатијата
Така, неликвидноста од стопанството се пресели форма'и кај банките.

Појавата .на .неспроведување на сојузните закони започна уште во почетокот на вториот квартал на 1990 година со неизмирувањето ка обврските спрема Фондот на федерацијата, а во второто полугодие од годината одделни републики престанаа да ги извршуваат об-врските и спрема Сојузниот буџет.

На појавите од неспроведување на сојузните закони, Извршниот совет реагираше согласно своите надлежности. "Голем е прегледот со кои се бараше на обраќања до-Сојузниот извршен совет, преземат сите потребни мерки за целосно извршување на обврски-те од Законот за Фондот на Федерацијата, за пензиите на борците, операционализација на средствата за санација на банките, исплатата на курсните разлики, преземање на отплата на странски кредити и друго

.

За активностите што ги преземаше Извршниот совет за надминување на проблемите кои произлегоа од нарушувањето на економската основа на рамноправноста на републиките и нарушувањето на единствениот југословенски пазар, редовно беше информирано Собранието на СР Македонија.
Со оглед на тоа дека мерките и активностите што ги презмаше јузниот извршен совет не даваа гаранција дека обврските на Федерацијата спрема нашата Република со толерантни рокови, Извршниот совет на Собранието на СР Македонија предложи, а Собранието во месец декември донесе Заклучоци и Законза мерките кои можат да се преземат заради спречување и отстранување на нарушувањата Македонија според кои Извршниот совет може привремено да пропи-ше обврска средствата од основниот данок на промет на производи и услуги и од наплатените царински и други увозни давачки кои и припаЈ^аат на Федерацијата, да се уплатуваат на посебна републич-ка сметка. Во таа смисла, Извршниот совет донесе Одлука со која е утврдено насочуваввето и користењето на овие средства. Во периодот од донесувањето на Одлуката, па заклучно со 26.02.1991 година во Републиката уплатените средства од основниот данок на промет изнесуваат 521,1 мил.динари, а по основ на царини и други увозни давачки 241,4 мил.динари. Од овие средства4,620 мил.динари се распределени на стопанските субјекти, согласно на сојузните прописи.

Имајќи предвид дека заклучно со 31.12.1990 година побарувањата од Вуџетот на федерацијата изнесуваат 1712,7 мил.динари, а обврските на ФНП спрема Македонија 256,7 мил.динари, Извршниот совет на Собранието на СР Македонија го застапува ставот дека треба да се продолжи со задржувањето на приходите по основ на основ ниох данок на промет,царини и други увозни давачки додека се регулираат меѓусебните обврски и побарувања меѓу Буџетот на федерацијата и Републиката вклучувајќи ги и обврските по основ на Фондот на федерацијата и ревалоризацијата на овие средства, согласно Законот.

Впрочем, за ваквиот став на Извршниот совет беше информиран претседателот на Сојузниот извршен совет на разговорите во Скопје на 18 јануари 1991 година, условувајќи го прифаќашето на предложените минимум функции на Федерацијата до постигнувањето на новиот договор за идното уредување на Југославија, со исполнување на обврските на Федерацијата спрема Републиката за 1990 година по основ на Буџетот и Фондот на Федерацијата

Врз основа на барањата на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија средствата од незаконската емисија на пари од страна на Србија и некои други републики да бидат вратени,  односно Сојузниот извршен совет и Народната банка на Југславија да ирезематг мерки со кои снте републики ќе се доведат во иста положба, Советот на гувернерите на Народната банка на Југославија на седницата одржана на 31.01.1991 ѓодина донесе повеќе мерки од областа на монетарно-кредитната политика кои веќе придонеле банките во Републиката и за извршуваљето на најнеопходните интервенции во стопанството .

Како резултат на измирувањето на дел од побарувањата на стопанството од Сојузниот буџет со средствата задржани во Републиката во износ од 620 мил.динари, пласираните дополнителни средства од примарната емисија на Народната банка во износ од 540 мил.динари, Шансните од вишоците на Народната банка на Македонија за четвртиот квартал од минатата година во износ од 51 мил.динари, ликвидноста на банките и стопанството во Републиката во текот на овој месец значително е подобрена, со што се обезбедува извесен континуитет во репродукцијата и поредовна исплата на личните доходи.

Почитувани пратеници,
Проблемите кои во изразито изострена форма се појавија во стопанството
и во општествената надградба и крајот на минатата и почетокот на оваа година се како резултат на севкупниот досегашен општествено-економски развој на земјата и Републиката.

Веќе на почетокот од преминот кон пазарно стопанисување и отворање на нашето стопанство спрема светскиот пазар се исфрлија на површина сите проблеми кои што произлегуваат од неповолната стопанска структура во Републиката, организацијата во стопан-ството и општествените дејности, превработеноста и во крајна ли нија и односот спрема работата  продукт на договорната економија.

Макроекономската политика на земјата со новите уставни и закон ски решенија за различните видови на сопственост и создадениот амбиент за пазарно стопанисување, нуди широки рамки за развој на сопствените сили на стопанските субјекти во општествениот и приватниот сектор.

Голем е бројот на стопанственици кои веднаш го прифатија предизвикот на пазарната философија и кои успеваат во најтешкиот преоден период од еден во друг систем на стопанисување, со најмалку загуби усдешно да се одржуваат на домашниот и светекиот пазар.

*

Дел од кадровите кои израснаа или работат во претпријатија аа кои постојано

се грижеше државата, вербално ја прифаќаат реформата, а со своето однесување во претпријатието, пред Синдикатот во Стопанската комора на Македонија, наводно поради "сложените состојби во претпријатието" или пак "поради опасност од  нарушувањето на безбедносната состојба во општината или Републиката" бараат државата да им ги решава проблемите за обезбедување на финансиски средства за исплата на личните доходи, наплата на нивните побарувана, технолошкиот вишок, недостигот на обртни средства и работа, а некои пак, одат толку далекуд што инсистираат и на разрешување на нивните проблеми од Владата со донесуванње на мерки спротивни на постојните законски прописи.

*

Последните неколку протести на работниците пред Собранието на СР Македонија, незадоволни од постојната организациона поставеност на своето претгтријатие и од раководниот кадар, или пак незадоволни од штрајк на дел од вработените во претпријатието кои бараат дезинтеграција и поради некои злоупотреби кои се случуваат таму, потврдуваат дека во некои работни средини сеуште не се прифаќа определбата, самостојно, со економска логика.

Денес во Републиката ни е потребен оптимизам и една конзистентна програма на стопанска реформа ке успееме тимално да го ангажираме огромниот кадровски и материјален потенцијал со кој располага Републиката за надминување на тековните проблеми, рационално однесување во сите сфери на нашето живеење, поттикнување на интересите на граѓаните за сопствена стопанска иницијатива и отпочнување на процесите на инвестирање со што ќе оствариме реални претпоставки за вклучуваше на Републиката во европските интеграциони процеси.

*

Проблемите во стопанството се сложени, но не се несовладливи, не ја прифаќаме излитената теза за банкрот република бидејќи тековната репродукција со познатите проблеми тече, соличните доходи задоцнување се исплатуваат но со  заработени  пари  и до сега ни во  еден  момент  не дојдовме  во положба да печатиме  пари за  исплата на  пензиите.

Разрешувањето на напластените проблеми во стопанството ќе би-де тежок и долг процес. Најзначајно во нашите престојни актив ности е како да се промени свеста дека присуството на работно то место не ја обврзува државата на први во месецот да обезбе дува плата на секој работник. Личниот доход ќе се заработува само преку работа, со продажбата и наплатата на сопствените производи на домгипниот и светскиот пазар, а тоа ќезависи од организацијата на претпријатието, изводите, финансиската моќ, квалитетот и цената на про и знаењата.

Во нашата Република треба да отпочнеме со создавање на култ спрема

работата, деловноста и штедењето.
*
Искуството од социјалистичките земји потврди дека државата не е во состојба на секој граганин да му обезбеди работно место и пристоен личен доход. Спрема тоа, животот ги упатува граѓаните со сопствени налори,. во зависност од стручните и креативните способности, со поддршка од банкарскиот систем, да се ангажи-раат во организирање на сопствени 'стопански активности и обезбедување на лична егзистенција.

Очигледно е дека оваа економска и животна филозофија на развиениот свет кај нас *се* уште нема право на граганство, па ќе мораме да пристапиме кон афирмацијата на овие принципи, ќи од промена на букварот и учебниците во училиштата па до ос-мислено и интензивно афирмирање на методите и организацијата на претпријатијата во државните кои со своите остварени ефекти во стопанството и општеството во целина обезбедуваат богат општес-твен и личен стандард на своите граѓани

Напоредно со овие активности за целосно ангажираље на сопствениот потенцијал во Републиката, Извршниот совет смета дека треба да се направат максимални напори низ еден отворен демократски дијалог, врз рамноправни основи на републиките да се постигне договор за идното уредување на земјата.

До постигнување на конечниот договор за идното уредување на Југославија, потребно е да заврши постапката за усвојување на амандманите на Уставот на СФРЈ бидејќи одделни републики вос-поставија сопствен уставен поредок кој во многу аспекти е спро-тивев на сегашниот уставен концепт на Федерацијата и да се постигне согласност по документот на Сојузниот извршен совет за ми нимум на функциите на Федерацијата, при што, со доследио почиту ва&е на постојните уставни и законски решенија ќе се остварат предуслови за продолжување на процесот на започнатата стопанска реформа.

Сојузниот извршен совет продолжува со интензивни контакти со влалите на републиките за постигнување на согласност по праша*ње* на предложените минимум функции на Федерацијата,

* *
Во текот на вчерашвиот ден Извршниот совет на Собранието на СР донесе законски прописи со кои се овозможува функционирањето на системот во преодниот период, но само под услов доколку се спроведе на обврските и побарувањата меѓу Федерацијата и републиките по ос-нов на Буцетот ва федерацијата и Фондот на федерацијата и тоа со валоризација ва неговите

средства согласно законските пропси. Истовремено, укажавме дека треба што поитно да се донесат и кон хретни мерки за покривање на штетата предизвикана од војната во Заливот.

Почитувани пратваици, предлагајќи да го усвоите материјалот Состозби и проблеми во репродукцијата во СР Македонија на почетокот од 1991 година", Извршниот совет очекува денешната расправа во Собранието да придонесе најобејктивно да се оценат состојбите и проблемите и да се дадат насоки за преземање на дополнителни мерки и активности за нивно надминување.

Влагодарам,

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам: претрес. Молам, кој бара збор?

Има збор господин Петрески, претседател на Извршниот од-бор на Стопанската комора на Македонија.

**ДУШКО ПЕТРЕСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници. Крајно сложените, по мене критични состојби во македонското стопанство во изминатата односно после првата половина од минатата година и почетокот на оваа година наложуваат на ова прашање да му посветиме многу поодамна соодветно внимание за тоа што мислам дека пред нас стојат повеќе од било кога заеднички активности во надминување на проблемите.

Јас немам намера денеска да зборувам многу за показателите изнесени во материјалот, а за што и уводниот излагач денеска кажа. Мислам дека стои една констатација дека поголем дел од тоа што е кажано во материјалот, можеби е малку пооптимистички кажано во уводното излагање на потпретседателот Влашки и јас би бил радостен кога состојбите би биле такви какви што ги кажа.

Кога реков дека требаше порано да одржиме една ваква средба на која што ќе посветиме одделно внимание на стопанските проблеми, одев со една логика дека кога состојбите се помалку критични побрзо се наоѓаат излезни решенија.

Морам во оваа можност да повторам, а тоа многу пати сум го кажал, дека стопанството во текот на изминатата година, а ре-ков поточно од мај минатата година па наваму, постојано укажуваме на сложените состојби присутни во македонското стопанство сокатастрофално лоши последици на тековната репродукција. Состојби-те што ги укажуваа.стопанските субјекти можеби беа некогаш и погрешно сваќањи, беа ориентирани кон тоа дека сите тие се резултат на субјективните слабости во нашите претпријатија. А јас и сега би повторил дека не може едно стопанство, какво што е ма-кедонското во услови кога 80% од оние што учествуваат во општествениот производ во Југославија не ги почитуваат Уставот и законите и немаме економска политика што ја заговоривме дека треба да ја имаме, дека состојбите беа такви какви што беа, а бидејќи се знае Македонија каква стопанска структура имаше, затоа велам де-ка ние постојано укажувавме на овие состојби. Економската полити-ка не се реализираше. Од јуни месец Словенија со 28 закони што ги стави вон сила на законската регулатива на Сојузот, престанаа да се уплатуваат средствата во Фондот, престанаа други да упалтуваат сето она што претставуваше Буџет на Федерацијата, тој не функционираше за да констатирам во декември дека нашата Република има платено повеќе од тоа што го има добиено од Федерацијата

Сега, во оваа состојба констатираме дека македонското сто-панство е минус 10 конвертабилни милијарди динари по било кој основ што ги нема добиено, а еве, стопанството доаѓа на една критич-на точка кога најголемиот дел, а јас

овде зборувам дека 80% од стопанските субјекти не се во состојба нормално да ја одвиваат тековната репродукција  заради таквите состојби и секојдневно сме во тек со работите што настануваат.
Уште еднаш би пофторил дека сегашните состојби се критични. Во прашње е тековната репродукција.

Податокот беше кажан и во материјалот дека 17 0 иљјади вработнеи во стопанството 2 и повеќе месеци немаат земено личен доход. Дека е се поголем бројот на вработените што бараат исплата на гарантиран личен доход. Републичкиот буџет е во таква состојба што не можеме од крајот на декември да го користи-ме во функција на гарантираните лични доходи. Фондовите за заед-нички резерви немаат никакви средства. Најголем дел од вработените не можат да исплатат и гарантиран личен доход, а ние гарантиравме дека таа категорија на личен доход на вработените ќе ја исплаќаме.

Реков дека нема да правам коментар на она што е изнесено во материјалот, бидејќи во тој дел и Изврсшниот совет и ние имаме скоро ист материјал во кој ги прикажуваме состојбите во стопанството во Републиката. Исто така и нашиве заклучоци што ги дадовме како мерки за надминување на овие состојби се прифатени од страна на Извшрниот совет и тоа не би го коментирал. Но, би кажал дека моментално во македонското стопанство сите стопански банки ги чувствуваат тешкотиите од работењето затоа што тоа гледаме и преку показателот за тоа што физичкиот обем на индустриското про-изводство опаЈ^а некаде за над 21%. Најкритични се состојбите, спо-ред мене, во земјоделството бидејќи три години се наоѓа во една изразито тешка состојба поради сушата и мразевите. Потоа градежништвото кое беше ориентирано за настап во земјата, во земјите од Блискиот Исток и источните земји, металната и електроиндустријата каде што и 40% опаѓа физичкиот обем на производството, во машиноградбата е некаде 89% помалку производството, кај текстил-ната индустрија 28,9 и во поново време има една појава каде чев ларско-кожарската индустрија попирма многу негативни трендови в своето работење затоа што магацините се полни, не функционираат претходно веќе договорените договори за извоз на ова производство кое за Македонија е предимензионирано.

Причина за ваквите состојби беа изнесени и во материјалот и во воведното излагање. Тоа е неликвидноста во македонското стопанство поради нереализирање на мерките на економската политика и непочитување на Уставот и Законот. А, посебно, блокирањето на платниот промет. Нашата постој на стопанска структура, за кој а си-те знаеме дека е повеќе базно суровинска, .во овие услови кога не се почитува тоа што претставува закон за редовно намирување на обврските, најмногу ги чувствува овие проблеми. Само би го кажал овој податок, некои тој податок и не го прифаќаа, но ние го кажавме. Направивме една анкета за 170 претпријатија во Македонија.

Нашите побарувања беа евидентирани, тоа што го дадоа, се разбира, претпријатијата, во износ од 4,9 милијарди динари, а нашите обврски беа цирка 2 милијарди. Тоа значи дека македонското стопанство сега има повеќе платено 3 милијарди динари. Во услови ко-га немаме добиено средства од Фондот на Федерацијата, кога немаме по другите основи за кои зборуваше потпретседателот Влашки,мислам дека јасно можеме да констатираме каква е состојбата и каква е ликвидноста на македонското стопанство, каква е состојба-та на банките и како можеме натаму да чувствуваме еве да се одбива тековната репродукција.

Многу пати е изнесувана причината за ваквите состојби, тоа е економската политика во источно-европските земји. Нашето стопанство беше повеќе ориентирано таму за настап. Војната во Персискиот Залив која предизвика сериозни последици за еден дел од стопанството.

Би сакал да кажам нешто на планот на излезните решенија иако во Мерките тба го набројуваме низ изложената лепеза на наши гледања.
Многу пати го кривевме стопанството. И јас кажував, и тука, во оваа прилика дека имаме субјективни слабости во нашето стопанство, особено во услови кога влеговме во една нова економска политика, кога целосно важат законитостите на пазарот, нашето стопанство во одделни негови делови, можеби, и не направи такви подготовки и подготвителни работи што требаа да придонесат тоа многу подобро да стопанисува. Но, прашував како може едно стопанство кое што со години наназад со некои програми беше подврг-нувано на економско финансиска консолидација, а ние констатирав-ме дека таа консолидација не се спроведува во тој обем во кој што требаше да се спроведува, во услови кога добивавме некои средства, а тие средства после, поради таа голема инфлација на три пати констатиравме беа помали од тие што требаше да ги добиеме, во услови кога донесовме стопанска реформа и мерки на економс-ката политика која што не се спроведуваше, како може едно стопанст-во со тие слабости да ги надмине субјективните слабости?

Се согласувам дека имаме стопански субјекти кои можат да служат како пример во рамките на Југославија. Но, за жал, во оваа прилика би констатирал дека и таквите стопански субјекти во овие услов-и на стопанисување во Југославија нивното функционирање едоведено во прашање.

Мора да размислуваме за изградување мерки на економска политика. Јас кажав дека економска политика нема, а за жал ние немаме економска политика. Немаме мерки на економска политика според која ќе ги изнесеме сопствените гледања за надминување на економската криза.

Второ што станува со функционирањето на единствениот југословенски пааар? Јас морам да ви кажам, па макар и да направам еден излет во оваа дискусија, ние како претседатели на коморите во Југославија се договривме утре, во Сараево да видиме што може стопанството покрај политиката да направи да функционира единствениот југословенски пазар.

**ДУШКО ПЕТРЕВСКИ:** (продолжение)
За жал од двете најголеми републики не најавија присуство претседателите, и јас инсистирам зошто ние да се собираме да губиме време да се договараме за некоја работа која однапред некој ја бојкотира. Јас реков дека нема да присуствувам затоа што не би сакал со некој кој што нема овластување да разгоивараме за таа работа. Единствениот југословенски пазар не ни функционира.  Имаме од поодамна затворање на границите. Секој се затвора во себе и секој нуди работа за да најде излезни решенија. Сега сме сведоци дека во Словенија се формира словеначки девизен пазар. Доаѓаме до констатација дека во Словенија има забрана како и во Хрватска и во Србија да се плаќа со жирални пари, туку да се оди со компензирање. Македонското стопанство земете ја Железара, земете го ОХИС, земтете ја обоената металургијата, текстилната индустрија се е врзано за единствениот југословенски пазар, се е врзано за функционирањето за единствениот југословенски пазар. Ние како стопанственици мислиме дека што е можно побрзо треба да дојде до расплет на оваа криза да стопанството се осЛободи од оние стеги што ги има од политиката и да почне да соработува. Ако до тоа не дојде да функционира единствениот југословенски пазар и ако не г одвоиме она што значи политика од она што значи работеше во стопанството на сите во Југославија ќе им биде тешко.

Функционирањето на платниот промет, побарувањата и обврските кажав колку се и сега поставувам едно прашање,проверено низ стопанствениците во рамките на коморските организации.
Дали можеме да ги тераме претпријатијата да одат во стечај ако нивните побарувања четири или пет пати поголеми од обврските. Ако некој не ги почитува законите за регулирање на платниот промет како ние ќе ги почитуваме законите да можеме да издејствуваме социјални тензии. "Отекс" како можеме да бараме да стопанственисува тоа е една светска куќа кога нивните побарувања се 19 бруто лични доходи што може сега да се исплатат. Тоа значи година ипол работа. Тоа се добри претпријатија особено ги спомнувам добрите претпријатија и не сакам да зборувам за она што ни беше со години наназад лошо. Ние треба да размислиме и не значи ако тоа не го спроведуваме дека претпријатијата ќе одат и по другиот основ под стечај. Ние мораме нешто да преземеме за да се заштитиме самите себеси со тие стечајни постапки да не биде за два или три дена да направиме револт во претпријатијата и да се каже дека еве се одвојуваат деновите и веднаш се доаѓа до социјални тензии.

.

Улогата на државата тотално ја нема нигде. Ние до не бевме во фаза на економија. Нашето стопанство работеше во Ирак, Либија и другите земји по некои ме^^удржавни договори. Каде е сега заштитата на таа држава да ги заштити тие што не
можат да си ги наплатат сопствените побарувања. Ако се договоривме дека од 1990 година кога важи таа економска политика стопанството ќе ги преземе и одговорностите од наплата на своите побарувања. Овие побарувања се претходни. Не можеме еден колектив Електромонтажа да го уништиме затоа што има само 12 милиони долари ненаплатени -'достасани побарувања од Ирак, а неговиот платен фонд е 2 милионадолара. Ние на овие прашања мислам дека не треба летимично да проаѓаме  без да им посветуваме посебно внимание.Санацијата на банките ја кажа потпретседателот Влашки и затоа не би зборувал, ако дојде во една санација на банкарскиот систем ќе дојде до финансиска консолидација и на она што е добро во нашата република и во сто панството автоматски.

Има една појава која сега е многу присутна во македонското стопанство за која сакам еве и денеска да го свртам вашето внимание а тоа е секој обид да се воведе посов-ремена форма на организација на работење во претпријатијата често пати поради сегашниве објективни потешкотии завршува со промена на раководните структури во тие претпријатија. и тоа
ге она што мислам дека може да има најнегативно влијание врз македонското стопанство во наредниот период и врз тековната репродукција и развој. Мора да се ангажираме на тој план да ги мобилизираме стопанските субјекти до крај реално да ги согледаат сите состојби и да се ангажираат во барањето на излезни решенија Во тој дел, уште еднаш повикувам дека не треба да дојјволиме по-литичкото организирање да ни се врати во стопанството. Во сто-панството пазарот треба да биде единствен регулатор на односите. Пазарната верификација на програмите дали се тие профитабилни дали не се, дали треба нешто да се менува тоа докажува пазарот и единствената конкуренција.  Ние од стопанството треба да ја тргнеме политиката ако сакаме да имаме посветла перспектива.

Второто прашање на кој што мораме да го свртиме на нашето"вниманието е развојот и неопходното преструктуираше стопанство. Ние очекувавме дека од 6 месец,така бар беше договорено во програмата дека ќе отпочнат тие развојни трендови во македонското стопанство дека со тоа ќе се надминуваат поголемиот дел од проблемите присутни заради нивото на техничко-технолошкиот развој можноста за настап на светскиот пазар и т.н

Во овој дел не се направи многу заради политичкиот ризик за инвестирањето во Југославија го немаме ни странскиот капитал. Мораме на ниво на република на тој план да му посветиме посебно внимание на тоа прашање затоа што тоа прашање е најнеопходно врзано со сите оние проблеми што нас не тиштат. Технолошкиот вишок, непродуктивното вработување, се она што е израз на незадоволството на вработените. Би рекол многу пати за растоварувањето јас кажував и минатата година стопанството се повеќе го поставува прашањето. Ако ние немаме за два и три и повеќе месечен личен доход како може да има за оние кои што не работат.во стопанството. Ние го поставуваме прашањето за растоварување во ниеден досегашен случај стопанството не постави прашак>е за извршувањето на функциите на прашањето дали функциите на надградбата може да се извршуваат со толку пари или може да се извршуваат со помалку од тие пари. Мислам дека овој парламент на тоа прашање мора да му посвети посебно внимание ако сакаме да создадеме можност преку зголемувањето на сопствената акумулација да се оди во разрешувањето на гековните и развојните проблеми. Еве само еден податок. По сите основи едно 4.5 гранки проверено сегашнИте зафаќања во стопанството се нгде повисоки од 7 до 8%во јануари, со тоа што се направени некои пермутации нешто што е од доходот префрлено на личниот доход и така но она што е проверено во 4-5 претпријатија од различни гранки состојбата е таква.

И она што во овој дел сакав да го кажам дека е потребно Парламентот да донесе еден заклучок за итно предлагаше мерки за заштита на стопанството на Републиката во услови на нефункционирање на платниот промет на нефункционирањето на единствениот југос-ловенски пазар,на нефункционирањето на девизниот пазар. Тоа мислам дека треба и е најнеопходна обврска во наредниот период. Јас би завршил со констатацијата дека состојбите во македонското стопанство се критични. Истите неопходно налагаат да почнеме да размислуваме за сопствените видувања за излезни решенија. Изминатата година покажа дека никој не размислува за нас дека мораме да почнеме да размислуваме сами за себе и да бараме излезни решенија.

**СВЕТО ВАСИЛЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Јас ќе почнам овде кај што заврши претходниот диску-тант каде констатира *дека состој бите во стопанството а посредно и на работниците и *членовите* на Сојузот на синдикатите на Македонија, е крајно загрижувачка и критична.Токму од тие причини Советот на сојузот на синдикатите на Македонија побара во овој Парламент да се отвори расправа за состојбите во стопанството и материјалната и социјалната положба на членовите, работниците, пензионерите, невработените и населението во целина.

Исто така Советот ценеше дека ова е местото" единствено надлежно и легитимно каде што можат да се преземаат конкретни активности и да се нудат и носат конкретни мерки за излегуваше од овие состојби во Републиката. Материјалот кој што е понуден за оваа седница, Мислењето на ИЗВРШНИОТ совет ги констатира состојбите но во писмото што е доставено до Собранието како мислење на Републичкиот извршен совет по барашата на Советот на Сојузот на синдикатите мислам дека несоодветствуваат наведените заклучоци и констатации во материјалот за состојбите во репродукцијата во Републиката на почетокот 1991 година, бидејќи во материјалот нема конкретни мерки, Ние очекувавме дека во расправата денес ќе се понудат и конкретни мерки за излегување од овие состојби» Јас нема да навлегувам во овие бројки што беа искажани, само би сакал на некои работи да го свртам вашето внимание, Заради ваквите состојби што ги имаме во Републиката, како последица сигурно на неспроведувањето на економската политика за 1990 година посебно во последните б месеци од годината и на почетокот на оваа година во Републикава материјал-ната и социјалната положба на членството на работниците на нев-работените и другото, целото население е повеќе од загрижувачка. Над 170 илјади работници не примиле личен доход за еден два и три месеци и повеќе, се повеќе се зголемува бројот на работниците кои што 2 и 3 месеци~не примиле личен доход тоа е некаде 1 третина од вкупно вработените во Републиката. На 8 илјади работници им е престанат работниот однос по основ на стечај и ликвидација на претпријатијата и тие се упатени на паричен надоместок. Над 33 околу 33 илјади работници примаат загарантиран личен доход и испод него, а како што слушнавме во последниве месеци и тоа законско право нормално за извршена работа за полно работно време и нормален работен учинок и тоа веќе тешко се исплатува во претпријатијата, бидејќи како што слушнаве фондот на резервите а и буиетот како последен во редоследот на обезбедувашето на средствата нема средства да се задоволи и тоа основно право. Се поголем е бројот на работниците што се истакнуваат како прекубројни во претпријатијата. Некаде таа бројка еоколу 65 илјади за 1991 година според направените согледувања во Републиката. Се повеќе се омасовува бројот на работниците што се испраќаат на принуден платен или неплатен одмор поради немање на работа во колективот или колективот заради условите на стопанисуваше посебно со цените што се зголемија во почетокот на оваа година и да работат работат со загуби и тоа работење не им е рентабилно. Бројот на невработените лица во Републикава достигна бројка од 160 илјади и со тенденција на понатамошно зголемување. Ако имаме предвид дека 312 илјади работници работаат во претпријатијата кои се неликвидни а 555 правни лица со над 83 илјади работници кои што се постојано неликвидни значи тие се веќе во бонусот каде што ги чека стечајна или ликвидациона постапка.

Токму заради ваквите состојби Советот на сојузот на синдикатите на Македонија бара од Парламентот донесување на итни мерки за ублажување на овие состојби во Репу.бликата бидејќи сме свесни дека брзо и прекуноќ тешко ќе се донесат мерки со кои ќе се трасираат правците за излез од овие состојби што ги имаме од економската криза, Исто така, сме свесни и за политичкото здружуваше во земјата. бараме што е можно во покусо време итно конституирање на Републичката влада со цел навистина да може да се фати во коштец со овие проблеми. Бидејки досегашниот Извршен совет иако еве има подготвено програма на мерки на економска политика за 1991 година заради позицијата која ја има во овој преоден период вероватно не ја понуди на претходното собрание чекајќи да новиот плуралистички Парламент преку својата влада излезе со конкретни л^ерки на економската политика за 1991 година што мислам е грешка да веќе на стартот на последниот месец од првото полугодие затоа за 1991 година според направените согледувања во Републиката. Се повеќе се омасовува бројот на работниците што се испраќаат на принуден платен или неплатен одмор поради немање на работа во колективот или колективот заради условите на стопанисуваше посебно со цените што се зголемија во почетокот на оваа година и да работат работат со загуби и тоа работење не им е рентабилно. Бројот на невработените лица во Републикава достигна бројка од 160 илјади и со тенденција на понатамошно зголемување. Ако имаме предвид дека 312 илјади работници работаат во претпријатијата кои се неликвидни а 555 правни лица со над 83 илјади работници кои што се постојано неликвидни значи тие се веќе во бонусот каде што ги чека стечајна или ликвидациона постапка. Токму заради ваквите состојби Советот на сојузот на синдикатите на Македонија бара од Парламентот донесување на итни мерки за ублажување на овие состојби во Репу.бликата бидејќи сме свесни дека брзо и преку ноќ тешко ќе се донесат мерки со кои ќе се трасираат правците за излез од овие состојби што ги имаме од економската криза. Исто така^ сме свесни и за политичкото здружуваше во земјата. Затоа бараме што е можно во покусо време итно конституирање на Републичката влада со цел навистина да може да се фати во коштец со овие проблеми. Бидејки досегашниот Извршен совет иако еве има подготвено програма на мерки на економска политика за 1991 година заради позицијата која ја има во овој преоден период вероватно не ја понуди на претходното собрание чекајќи да новиот плуралистички Парламент преку својата влада излезе со конкретни мерки на економската политика за 1991 година што мислам е грешка да веќе на стартот на последниот месец од првото полугодие од 1991 година ние немаме визија каде стопанските субјекти на макро план можат да одат во својот развој.

Значи бараме комплетна развојна програма која ја донесе овој Парламент сигурно во текот на своето работење за 1991-1995 година со која ке се отвори тој долгоочекуван развоен циклус а сега под итно ова што е најавена како една комплексна програма на мерки на економската политика не смееме да чекаме и понатаму на мерките што треба да се донесат на ниво на земјата, а потоа ние да правиме наша програма. Мора во Парламентот да се донесе програма во ако треба и алтернатива со оние 12, 14 овластувања што треба или надлежности да се пренесат во овој преоден период на федерацијата и програма каде ќе се најде во колку еве тие договори-преговори се одолговлечуваат времето поминува.
Исто така бараме и од работоводните органи и од Стопанската комора на "Македонија и од Владата на Македонија да се создадат услови за примена на колективните договори во Републиката, бидејќи со примената на колективните договори практично како инструмент на пазарната економија !се се на одреден начин стави ред во распределбата. Морам да ви кажам дека во досегашниот систем со големите интервенции што ги правеше државата во распределбата на личните доходи создадено е такво пореметуваше да ние немаме систем на распределба и бараме на општиот колективен договор потписник да биде и Републичката влада, а на колективните договори по дејности во општествените дејности да бидат соодветните министерства.

Исто така барам заради состојбиве што ги имаме итно донесување на социјалната програма на ниво на република,еве пак ќе повторам навлегуваме во последниот месец од првото тромесечие ние немаме социјална програма, она што го имавме беше до 31.12.1990 година. Заради состојбиве кои што ги имаме во Републиката, заради фактот од она што го чувме и од претседа-телот на Стопанската комора на Македонија дека нашите претпријатија во извршувањето на меѓусебните обврски во досегашното нивно деловно работење имаат поголеми побарувана од обврски, бараме мораториум ова Собрание да изгласа на Законот за принудно порамнување и стечај на претпријатијата се додека не се решат овие отворени прашања на ниво на земјата посебно дека не профункционира финансискиот систем и не се воспостави нормално извршување на меѓусебните обврски на стопанските субјекти помеѓу нормално нивната локација во одредените републики,бидејќи под тој закон би потпаднале по наша процена заради неликвидност знаеме со законот дека таму се денови набројани ако е во континуитет ако е повремено и т.н. да не ни отидат претпријатија кои што можат успешно да работат заради нефункционираше на финансискиот систем, стопанскиот и воопшто на системот во земјата.

**СВЕТОЗАР ВАСИЛЕВСКИ (**Продолжение)

Превработеноста е проблем со кој мораме да се соочиме во Републиката. Јас спомнав за 1991 година според согледувањата таа бројка изнесува некаде 65 илјади работници, Тој проблем се повеќе ќе биде присутен.Ако сакаме, навистина, да постигнеме преструктуирање на стопанството во Републиката, сигурно дека претпријатијата не ќе можат сами да го решаваат тој проблем и токму заради тоа се бараше една програма и на ниво на земјата и на ниво на Република со која ќе им се помогне на претпријатијата што побргу да дојдат
до преструктурирање и да се решаваат проблемите на работниците што ќе останат зради тоа преструктуира , евентуално без работа. Најавено е дека се работи таква програма и дека скоро ќе биде усвоена, меѓутоа, бараме навистина претпријатијата да се ослободат од социјалната заштита,социјалната заштита да си ја земе државата, и она да се оспособи исто така како што бараме од претпријатијата да се оспособат за конкурентно и пазарно однесување и државата да се оспособи и на републичко ниво и на ниво на федерација за пазарно однесување. Барањето беше овие мерки да бидат донесени до 1 март оваа година, заради итноста, да фатиме барем 10 месеци од оваа година да можат навистина овие проблеми, јас пак сигурно ќе повторам до крај не ќе можат да се решат меѓутоа да се ублажат, бидејки знаете дека заради ваквите состојби во Републиката работниците организираат прекини на работа, пред се заради неисплатени лични доходи, заради немање на работа и на тие прекини токму тоа го бараат и бараат товарот на кризата рамномерно да се поднесе во Републиката од сите субјекти.
И денес, еве да завршам, на прагот на 21 век нашиот работник во услови на републички затворености, во услови на политички поделби и национализми бара работа, редовна исплата на личниот доход и рамномерно да се распореди товарот на кри зата врз сите субјекти во Републиката.

**ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ**
Почитуван претреседателе, почитувани пратеници,
И од основниот материјал и од дискусиите по него, слободно можеме да заклучиме дека суморната слика на македонското стопанство се карактеризира со драстично намалување на индустриското производство, со неликвидност на две третини од стопанските организации со блокада на финансиските текови со беспарица, со трговс дефицит со странство, со немање на личен доход за секој вработен со принудни одмори и со купување на соци]ален мир на краткорочна стаза на работниците преку бонови и исплата во натура.
На очиглед на сојузната влада, исто така, свидетели сме на рушење на финансиските токови во земјата како што беше упадот во монетарниот фонд, односно рушење на макроекономската политика.

Се поставува прашашето, што е причината за тоа. Мислам дека основната причина е криза на моделот заради тоа што стопанството имаше исклучиво еднодимензионален развој само врз општествената сопственост и се виде дека општествената сопственост ја третиравме како сечија и ничија, да не речам се отуѓи и чрезултатите се такви. Според тоа, излезното решение се состои во тоа што стопанството мора да се развива на релација на плуралистички, сопственички модел, кој што ги даде резултатите во цивилизираниот свет.

Меѓутоа, тука веднаш се отвораат две прашања.Прво, ова што се јавува, овие состојби во сферата на стопанството се резултат токму на почнувањето на функционирањето на плуралистичкиот сопственички модел, така што процесите на реприватизација, нормално исфрлуваат технолошки вишоци на работна сила. Грешката е во тоа што не е работено паралелно на два правци. Имено, што не е обезбедена социјална програма за разрешување на
тие прашања и второ што нема материзална супстанца за нов инвестиционен циклу. Меѓутоа, тоа е што е. Се поставува прашање дали има сега супстанца во македонската државата за одредена репродукција во македонското стопанство. Мислам дека таа супстанца едино можеме да ја бараме во сферата на јавната потрошувачка. Друго место јас не гледам. Единствено низ намалување на трошоците во сферата на јавната потрошувачка.
Кога се поставува тоа прашање, веднаш се отвора праша-шето за состојбите во надградбата, бидејки и надградбата е исто така еднодимензионално раз.виена исто врз општествената сопственост и во надградбата се продуцираат истите проблеми. Мејру надградбата и стопанството функционира непазарен модел, моделот на здружен труд, размена на трудот која што, како што гле-даме даде вакви резултати. Според тоа вториот извор односно тоа е пак.во контекст на првиот, намалување на јавната потрошувачка бара исто така реконструкција и на моделот на надградбата, бидејќи не само што самиот е во криза, туку создава и криза на моделот во стопанството.

Јас би се осврнал само на секторот на здравството, во сферата на надградбата. здравственчот модел самчот има во себе протчвречностч и е во криза ч не само што за себе не е функцчонален туку правч одредена штета на стопанството баш заради функционирање на тој непазарен модел, мегу стопанство и здравство.
Имено, целоскупното здравство воглавном се ослонува на финансиските средства што ги добива здружениот труд од стопанството, а сигурно во просторот има многу категории кои исто така учествуваат во потрошувачката на матерчјалната супстанца наменета за здравството. Понатаму, исто така, во здравство имавме прекубројно вработување во име на акциите за вработувак>е и целиот систем на здрав-ство продуцира бројни услуги. Тоа е систем кој што продуцира услуги во недоглед, а нема материјална супстанца за обезбедување на тие услови, да не. речам владее митот на бесплатност во

здравствените услуги.
Исто така реков дека прчходот во здравството се формира воглавном од матерчјалната супстанца во стопанството. Мејгутоа пак од нивото на финансиските средства исклучи врз пазарни услови, струја, вода, електрична енергија, лекови, санитетскч матерчјалч, така што чмаме една оаза на здравството па и на другчте општественч дејности сместени во пазарен амбиент, а се алиментчраат врз непазарен модел од стопанството и исто така дејствуваат негативно на стопанството. Меѓутоа, на приходот на стопанството кој што потекнува од стопанството постојат и бројни други потрошувачи. За социјалните групи никој не плаќа заради тоа што не функционира социјална држава, нче немаме буцет што обезбедува финансиски средства за здравствените услуги и социјалнчте групч.
Потоа, невработените кои се сместуваат по важечките закони во сизовите за вработување, исто така не плаќаат придонес за здравствена заштита, а нивниот број и натаму се зголемува. Меѓутоа,би сакал да укажам на нешто е недозволено. Во сизовите за вработување се регистрира се и сешто и тоа законодавство во изминатиот период сме го ставиле нечепнато. На пример, имаме многу работници кои во странство работат сезонски. Тој работи шест месеци во странство, заработува, се враќа во земјата, сизот за вработување е отворен, се регистира како невработен, добива и парична помош, за тоа и печат за здравствено осигурување, а не плаќа ни сто пари. Кој го плаќа тоа. Тоа го плаќа нормално стопанството.Вработените во странство, наравно, постојат конвенции *неѓу* нашата земја и земјите во странство за обезбедување на здрав-ствена заштита на вработените во странство и нивните фамилии, а тие се многубројни фамилии. Многу малку пари или воопшто не доагат пари во Републиката ив о здравствените установи. Замислете колку е бројна таа категорија која пак се лечи со парите од стопанството.
Понатаму, во изминатиот период досега имавме висок наталитет. Носителите на демографската експлозија апсолутно можат да ги користат слрбодите ч правата, а ништо да не плаќаат за здравствена заштита односно ч тоа да оди на товар на здружениот труд», Според ота, да заклучам, мислам дека,кога зборувам за општествените дејности сепак сега во конкретниот случај за здрав-ството, создаден е уставен и правен простор за реконструкција на моделот на здравствена заштита, а од тоа колку сме способни и колку умееме да направиме еден иноватен модел, такви ќе ни бидат ч состој бите во здравството.

**ИВАН ИВАНОВ**

Почитуван пратседателе, почитувани колеги пратеници,Темата за која расправаме е од приоритетно значење за понатамошниот опстанок на Републиката и бара посебно наше ангажирање во делот на разрешувашето на присутните проблеми посебно јас и нешто реков за делот на нашето собрание и нашата улога како пратеници, бидејќи и во материјалите и во досегашните дискусии беше доста за тоа кажано.

Во претходните наши седници ние зборувавме за многу интересни политички прашања, кои се сигурно од исто значеше за нашата Република, но сите тие се исто така тесно поврзано со денешната тема односно тие имаат влијание за подобрувањето односно усложнува!Бето на состојбите во стопанските текови на Републиката и пошироко во Југославија и од успешноста на нивното расплетување односно разрешуваше, зависи далч заговараните политички прашања ќе бидат само една нереална наша желба, или би рекол можеби малку престрого и една голема измама спрема македонскиот човек. Непобитен е фактот да македонското стопанство оѓа во исклучително тешка состој ба и за ваквата состој ба голем придонес има и политичките настани и тоа националистичко сепа-ратистичките, присутнн скоро во сите републики во Југославија односно оние присутни состојби кои што се кажани во материјалот, а беа. потенцирани и во воведното излагање на претходните двајца дискутанти, на блокирањето на платниот промет во земјата, суспендирањето на единствениот југословенски пазар, масовното кршење и непочитување на југословенското законодавство и посебно тешко изразеното, а тоа е пазарното работење кое е сведено на една проста стоковна размена на стоки и услуги.

Во вакви услови последиците најповеќе се чувствуваат кај помалку развиените стопанства, а што посебно е изразено и кај нашето македонско стопанство.

Вредносните квантификации, за последиците по македонското стопанство многу сликовито и успешно се прикажани во доста-вените материјали по оваа точка, како од Извршниот совет на Собранието на СРМ така и од Стопанската комора и синдикатот на Македо-нија и мислам дека нема потреба нив посебно да ги прераскажуваме. Слободен сум да кажам дека за сегашната исклуччтелно тешка состојба на македонското стопанство голем придонес имаат и политичките движења во нашата република, искажува^вето на поедин-ци и политички партчи како и поедините расправио водени во нашето Собрание во претходните денови. Ова нешто го кажувам многу одго-ворно, а со тоа немам намера некого да го обвинувам или да ги обезвреднувам напорите кои се чинат за зачувувањето на основните интереси на Македонија, напротив сакам да укажм на потребата од зачувувањето на тие интереси, односно кога з боруваме за тие инте-реси ние мораме да ги имаме предвид и следните објективни фактори кои што се карактеристика на македонското стопанство, односно сегашната пазарна зависност и интегрираноста на македонското стопанство во вкупното -југословенско стопанство, како и последиците кои

имплицитно ќе произлезат од нарушувањвето односно распагаањето на југословенскиот пазар.
Повеќе од македонските претпријатија што и од претседателот на комората беше посебно потенцирано или повеќето од нивните производи 80% се производи кои што се пласираат во другите репуб-лики надвор од Македонија, почнувајќи од Железара, Охис, МЗТ , Емо претпријатијата од земјоделието, па завршувајќи до организацијата Руен во која јас работам. Тоа е една сегашна објективна поја-ва која мораме да ја имаме предвид во сите наши понатамошни за-лагања за новиот концепт за развој на Македонија. Понатаму, од производите на македонските претпријатија, повеќето од нив се со повисок степен на финализација и тешко ќе може да се пласираат барем за извесен временски период на .другите пазари што исто беше кажано во материјалот, а посебно беше потенцирано и од претседателот на Стопанската комора на Македонија;
Непобитен факт е што македонското стопанство повеќе од 40 години е градено на еден заеднички југословенски концепт, од една страна, а сето тоа, од друга страна има и еден непосред-на зависност за квалитетни структурални промени на македонското стопанство и за неговото прилагодување на светскиот пазар. Пот-ребно е дададен временски период и значајни дополнителни вложувања, во кој судбината мора да ја бараме во спрегата со останатиот дел на југословенското стопанство.

Да се заложиме за реализација на мерките кои ги предлага Сојузен извршен совет за минималното функциониране на Федерацијата и на југословенскиот пазар како основен предуслов за функциониракe на основните институции и механизми на југословенскиот стопански систем.
2. Да се забрза реализацијата на мерките кои што Сојузниот извршен совет ги предлагаше, а посебно мерките за санација на банкарскиот систем односно првиот дел на таканаречената линеарна санација, а како што беше веќе истакнато со која ќе се овозможи извесно заживување или надминување на сегашните стопански текови.
3. Да се во Собранието ние воздржиме, барем за одреден временски период, од донесување на акти со ко] може да дојде до понатамошни импликации на политичките состојби во југословенската федерација, а кои ќе имаат ми директни негативни рефлекси на македонското стопанство

**ИВАН ИВАНОВ** (Продолжение) - СПМ-СРСМ-МДПС

4. Преку работните тела на Собранието во атмосфера на мегусебно разбирање и доверба, почитувајќи ги основните интереси на Македонија, македонскиот народ и народностите, а во соработка со надлежните републички органи и институции, стопанството и расположивиот научнокреативен потенција, да пристапиме во градењето нанов концепт по сите витални прашања од нашата државност, стопанството и стопанскиот развој, односите во соработката со чинителите во Југославија и надвор од неа и по сите останати витални прашања.

Оваа работа треба да биде направена мудро и работно без примена на пропаганди или полемички активности. Убеден сум деак само на ваков начин можеме да му донесеме добро на македонскиот човек да го спречиме натамошното продлабочување на проблемите и излегувањето на работниците и граѓаните на улица и проблемите да се решаваат на улица напротив, вниманието и акцијата да ја насочиме во осмислено и организирано работеше кон јакнење на материјалната моќ на македонското стопанство, а како основен предуслов за стабилноста и суверeноста на Македонија.

Ова се моите гледања, Ви благодарам на вниманието.

**ДУШАН ТРПЕЧВСКИ- ВМРО ДПМНЕ**

Почитувано претседателство, почитувани дами и господа Во врска со оваа точка би се надоврзал на состојбите и проблемите во здравството во репродукцијата на почетокот на 1991 година во Македонија.

Поради недостиг на средства, односно не можност за вклопување во пазарното стопанисување поради законски пречки во општествените дејности, а во прв ред во здравствени работни орга-низации дојде до сериозно нарушување во нивното работење. Тоа се должи од една страна поради ограничените средства при договарањето со постојните самоуправни интересни заедници за здравство, а втора страна поради пазарното однесуван>е при купување на лекарство, прехранбени продукти/ нафта и нафтени деривати, користење на електрична енергија, вода, ги става здравствените работни организации во нерамноправна положба, го отежнува нивното секојдневно работење. На оваа состојба влијаеше и реалниот пад на средствата што се собираат во СИЗ-овите за здравство, а поради следното:

1. нередовното исплаќање на личните доходи на вработените во стопанството,
2. намалениот личен доход, па и во некои работни организации и преминување на минимален личен доход.
3. Одење на предвремен годишен одмор на поедини вработени цели погони или цели работни организации
4. отпуштање од работа поради стечај на работните организации.
5. намален внес на средства по однос на земјдоелско здравствено осигурување, а оваа категорија на граѓани во голем дел е изедначена во остварувањето на своите права со ра^отничкото осигурување
6. неуплатување на средства за здравствено осигурување од страна на сега новоформираните приватни претпријатија.

7. недостиг на средства за здравствено осигурување од нашите работници на времена работа во странство, што и колегата Трпеновски пред малку изнесе по основ на нивните членови.
На пример, во тетовска општина ги има околу 4.300 граѓани кои на овој начин се здравствено осигуруани а најверојатно тие средства кои ги исплатуваат овие држави во однос на оваа конвенција стигнуваат некаде во Федерацијата, ова се одигрува наназад во републичката СИЗ за здравствено осигурување, а сигурен сум дека до сега ниеден динар не е стигнат до нашиот СИЗ за здравствено осигурување во Тетово.
Ваквите состојби доведоа до исклучително тешки состојби во здравството, односно во здравствените работни организации во целата Републиката, во нивното тековно работеке поврзано со загуби која појава се одрази:
1. нередовност во исплаќашето на личните доходи во здравствените работни организации.
2. недоволниот обем на средства при редовното работење доведоа до нередовно исплаќање на недостасаните обврски спрема добавувачите на прво место спрема веледрогериите на лекови и санитетскиот материјал, а во поедини моменти здравствените работни организации не само што ги намалија порачките, туку го прекратија да бавуваат лекови, што лошо се одрази во снабдувањето со лекови во градските и болничките аптеки што предизвика хаос кај населението, и најнеопходните лекови не беа во можност да се набават. На неколку пати и на телевизијата беше прикажано празни равтови со лкеови во аптеките. Сега се прашувам дали е потешко еден болец, да не прима лекови или еден гладен човек да не прима храна.
3. поради нередовното исплаќање на сметките за извршените услуги поради неликвидност на СИЗ-овите за здравство, работните организации беа приморани да наплатуваат во готови пари при извршувањето на здравствените услуги, а тие пациенти кои беа хоспитализирани се бараше кауција скоро во цел износ за 15 до 20 дена што кај поедини пациенти поради немање на пари кај себе или воопшто да исплатат се враќаат дома иако им беше неопходна хосиптализација.

Загубите во здравствените работни организации во првите девет месеци од 1990 година изнесуваа околу 135 милиони динари и изнесуваа околу 5 пати повеќе отколку во 1989 година. Од овие средства околу 100 милиони динари отпагаа на недостиг на средства за купување на лекови.
Ако се има предвид со поголемото заостанување во стопанисувањето кое настапи во четвртиот квартал од 1990 година загубите ќе извршуваат неколку стотици милиони динари што ќе биде искажано во завршните сметки на здравствените работни организации за 1990 година.
Согледувајќи ги состојбите во здравството во СР Македонија и претстојните активности што следуваат за неговото разре-шување , пред 3 недели Медицинскиот факултет во Скопје покрена иницијатива за средба со лекарите пратеници од сите партии во Собранието. Целта на заедничкиот догвор е што

побрзо разрешување на повеќе од критичната состојба до која се наоѓа македонското здравство и Медицинскиот факултет предлага:

1. почнатата инциијатива за донесување на Законот за здравствена заштита да се реализира што побрзо.

2. рационализацијата на македонското здравство, а во тесна врска со тоа треба дасе детализира приватното здравство кое е неопходност и треба да се примени во нашата средина, а исто така да се реализира таканаречената дополнителна дејност во здравството.

3. треба да се најдат олеснителни околности *неѓу* кои да се прекине со привремениот закон за општествени дејности при што дојде до прелевање и на така осиромашнениот здравствен динар во другите општествени дејности.

Меѓутоа, зголемената партиципација на граѓаните во последниве месеци на 1990 година која продолжува и во оваа година изнесува само 3% од вкупните расходи во здравството. Имено, за 1990 година се собрани околу 100 милиони динари па затоа имајќи го предвид ова ќе треба да се најдат и други средства да се подобри економското работење во здравствените работни организации.

1. Зголемување на процентот на здравственото осигурување што во минатата година на три пати беше преиначувано во нагорна и надолна линија што претставува оптоварување за стопанството или

2. зголемување на партиципацијата на граѓаните при користењето на здравствената заштита.

3. што побргу да се воведе слободен избор на лекар, што и во новиот закон се предвидува.

4. фаворизирање на домашното лекување.

5. соодветно оданочување на приходите на нашите времено вработени грагани во странство како и оние што обавуваат приватна дејност во другите републики во Југославија, чии семејства живеат во нашата Република. Тоа се голем број на луѓе кои со тие средства и те како ќе помогнат во здравството, а се разбира и во другите општествени дејности.

Понатаму, потребо е да се разврзе клопчето на тие средства по Конвенцијата кои стигнуваат горе во федерацијата, а до ден денеска не се стигнати до општиснките СИЗ-ови. Тоа се во СИЗ-овите во Тетово, Гостивар, а веројатно има и на други места вработени во странство.

Би ги замолил колегите пратеници лекари во врска со договорот со Медицинскиот факултет на првата пауза од 5 минути да се собереме во сала број 2 и да им дадеме одговор што понатаму во врска со нивното барање.

**ПЕТАР ГОШЕВ: СКМ-ПДП**

Почитувано претседателство, пратеници.

Прашањето за кое денеска разговаравме конечно дојде на ред, но пак незнам дали е според редот на потезите во соодветно време имајќи предвид недоконституираноста на органите на власта. НО/ во секој случај нестрпливоста на синдикатите, работниците и граѓаните во целина е голема-и нашето задоцнување од тој вид нема да ги толерираат, па и во вакви услови треба да се обидеме да направиме нешто што е можно пове1се со она *тто* постојно го имаме како конституција на системот на власта.

Има нешто што посебно ме загрижува. Има една чудна апатија која владее, некое судбинско помирување со, можам да кажам можеби е претврдо, катастрофата што ни се ближи. Некој чуден фатализам како да не- има зафатено/ како да гледаме дека ни доага апокалипса,а го гледаме облакот кој може да се помете, а ние не доволно преземаме да се склониме од тој апокалиптичен облак.

Состојбата е одсликувана со години и овој материјал кој е подготвен и тој доволно говори каква е иако има многу посуптилни анализи кои ќе покажат дека состојбата е далеку подраматична од таа што можеби до секого од нас допира.

Не е депознато дека десетина години немаме стопански раст ни во земјата ни во Републиката. Тоа е една работа, но тенденциѕте во последната година и ова што сега се прогнозира врз основа на трендовите од последните години зборуваат, навистина, за нешто крајно опасно што не очекува.

Ние немаме просечен раст за последните десет години, туку просечен пад на општественито производ за близу 2% од последното среднорочнге, но последната 1990 година имаме многу поголем пад, а она што ќе ни се случи оваа година всушност и наредната ќе биде драматично паѓање на општествениот производ со сите консеквенци од тоа.

Имаме растови и паѓања на индустриското производство,но последното декемвриско производство земено на годишно ниво за земјата, а веројатно и за нас ќе биде така е најниско од 1978 година.

Вкупниот стоков дефицит, видовме низ информацијата, повторно е енормен на ниво на земјата, минатата година е 4 милијарди 563 долари тоа е бројка која не враќа на периодот од 1979 до 1982 година кога трговскиот дефицит на Југославија се движеше некаде од 3,5 до 7 милијарди долари. Тоа се годините кога ги потрошивме тие 20 милијарди долари од странство, а овој факт говори дека набрзо ќе дојдеме до многу тешка состојба во односите со странство заради тоа што набрзо девизните резерви се топат, а прашање е колку ги имаме во услови кога во државата јамчи 13 милијарди долари девизен штеден влог на граѓаните во услови кога не може да плати ни 200 ни илјада ДМ на тој што сега сака да оди на касата на банките.

Нашиот дефицит во Републиката е 551 милион долари, одамна не бил толку, и не враќа многу години наназадс.

Покриеноста на извозот е едвај 51%. Инфлацијата повторно заживува, уште една девалвација,попуштање на монетарните стеги кои тешко можат да се одбранат од овие притисоци, а Сојузниот извршен совет веќе најавува дека може да ја олабави кредитно-монетарната политика, продолжувањето на исплатата на личните доходи од солидарни средства што се шири како масовна појава низ Југославија, читате Србија, Црна Гора, притисокот и кај нас е совршено јасен, продолжувањето на високата јавна потрошувачка и пак нема друго освен да влеземе во повторното лудило на инфлационата галопирачка спирала.

Инвестиции нема тоа е јасно констатирано, гледаме од Информацијата на Извршниот совет дека стопанските се само 5,8% од општествениот производ во услови кога гшортизацијата е 9,8-10- Тоа значи дека веќе навлегуваме во длабок дезинвестиционен геп, тоа значи дека почнуваме, не почнуваме, туку сме почнале одамна да ги јадеме средствата, да ги грицкаме машините, да ги гриземе алатките, зградите, инвентарот и сл. Тоа е наша реална состојба. Не обезбедуваме ни проста репродукција. Значи имаме намалена репродукција според глобалните биланси.

За бројот на лицата кои секојдневно бараат издршка од тие што малку заработуваат да не говориме 160 илјади невработени, најмлаку 150 илјади технолошки вишок, вртоглаво приближување на пензионерите од бројката 200 илјади, а бројката на учениците и студнетите, бројката на домаќинките кои не се пријавени во Заводот и сума сумарум ќе видиме колку вработено население ќе издржува невработено население.

Дали може било кој социјален програм да го обезбеди тоа? Без навлегување во други детални податоци ситуацијата во овој момент што кажува? Кризата драматично се продлабочу. Стопанската активност замира, тоа го знаат подобро стопанствениците на гола кожа, поради неликвидносната криза, поради опаѓањето на извозната побарувачка заради тоа што курсот не е атрактивен, поради ограничуваата на трговигјата помеѓу републиките,поради хаосот во платниот промет, финансискиот промет итн. Повторно ни се заканува должничка криза, а вие се сеќавате што се случуваше тогаш кога не можевме да ги намириме ануитетите према странство.

Бидејќи инфлацијата расте курсот е фиксен, ако нешто не се менува, декемвриската инфлација пренесена на годишно ниво е најмалку 100% а тенденциите се страотно поразувачки, како што се насетуваат и можат да се прогнозираат, девизните резерви се топат и оние шест и нешто милијарди реално речиси ги нема. Падот на производството редуцираните можности за извоз, неможноста за нови задолжувања, ликвидносната криза, домашните бариери и слично на тоа може брзо да го испразнат пазарот и веќе наредните месеци да го доживееме повторно системот на бонови, на редуцирано снабду-ваше, на редици пред продавниците, на набавка на производи под тезга со дебели пријателски врски и сл., онаа слика што ја имавме добро позната од

минатите години.

**ПЕТАР ГОШЕВ**: (Продолжение).
Програмската политика е оневозможена, се намножија јавачите на апокалипса во Југославија, во многу републики, го туркаат народот во социјална беда и граѓанска војна. И тоа е во многу средини. Патологијата на властодршвото во овој период во земјата е најопасната точка. Еден примерна болен воин со амбиции на цар од добата на старите империи штотуку видовме што направи за 40-тина дена од сопствената земја. Мислам на Хусеин и на Ирак, иако тоа не е доволно предупредување за нашите јавачи на апокалипса во Југославија и овде кај нас не сме имуни од сето тоа. Навистина, незнам какви примери би можеле да не тргнат од оваа апатија во која што е навлезена земјата. Под целиот овој товар што е најнеповолното имајќи ги предвид реформските процеси. Се случува повторен отклон од реформската ориентација, од реформската идеологија. Ни прети повторен процес на реал социјализација на земјата, на Репуб-ликата, Тоа можеме низ примери да го видиме и нешто ќе кажам. Имено егзистенцијалниот товар е се потежок ја потхранува Евлитаријанската концепција, го потхранува моделот на општеството што базираа на биолошкиот критериум, популарно наречен еден човек еден стомак од кој што се произведе. Затоа, јакнат барањата за солидарност, тие имаат социјална основа, се разбира, не се тоа туку така за критика, но имаау социјална основа, социјалните фондови за постојано подготвување на нови социјални програми, постојано тоа се бара, со повеќе корисници. Набројав еден дел од тие корисници и се поголем обем на средства, кои што ни случајно не може да се обезбеди на овој начин со овој продуктивитет, со овој систем кој што го имаме. Затоа почнуваат пак да се размножуваат процесите за редистрибуција, за одземање од тие што нешто имаат, што се нешто попродуктивни за да се даде на тие што немаат, или се помалку попродуктивни од разно разни причини со објективни. Објективни, субјективни. Чувте или прочитавте дека.во некои републики се донесоа прописи за ограничуване на највисокиот личен доход. Се бавевме со таа категорија уште во синдикатите одамна и наоѓавме некои решенија. Чувте дека се наја-вуваат народни кујни во одредени републики. Знаете кога зборуваме за народниот леб на почетниот период на мандатот на оваа влада што постигнавме, за народно месо, за поефтино месо итн., едни ќе јадат народен леб, народно месо, други ќе јадат ненароден леб,ненародно месо, сите тие вицеви вов рска со таа ситуација. Чувте или прочитавте дека фондовите за загарантиран личен доход мора да се исполнат со одземање на тие што имаат нешто повеќе на д тоа ниво Значи една редистрибуција да се направи. Всушност, повторно расте идеологијата на христи]анскиот социјализам од која што целиот источен лагер како што беше и ние комплетно се најдовме во оваа дебела, општествено економска, политичка и морална криза. Зошто? Затоа што сегашните владеачки структури во земјата ги интересира власта, а не реформата. Би сакал да ги интересира и власта и рефор-мата. Власта не може да не ги интересира, а да ги интересира исто-

времено и реформата, велам може да се покаже резултат. Ако и ние овде не направиме ништ во врска со тоа и ако нас не интересира само власта а не и реформата и ние во оваа Република ќе доживуваме јадови тешки со несогледливи последици. Ако не е тоа, тогаш во прашанње е, ако не е власта, тогаш во прашање е некоја наша неспособност, а за тоа ќе мораме да положиме рачун порано или побрзо.

За овие проблеми денес ние расправаме во една мошне интересна, неповолна состојба што на почетокот ја кажав во состојба во која во која редот на работите ни се измешани, во влада која заминува и која објективно обавува повеќе тековни активности, без влада која може и мора да се зафати со радикални потези од краткорочна и долгорочна природа. Во такви услови се плашам дека фингираме работа, дека правиме уште една реал социјалистичка прет-става која ни служи за формално измивање на нашата совест. Да каже секој  од нас се што има да каже, па нека биде. Како решенијата да не се бараат од нас, туку од некој друг вака надвор. Затоа, во услови кога немаме новоформирана влада, а обавувањето на функциите на власта мора да се врши во континуитет од посебно значење со постојните сили додека тоа не се направи, прво ставот на Комората и синдикатот кои бараат итно формирање на новата влада која ќе понуди програма за тековно и подолгорочно решавање на проблемите во стопанството и воопшто е апсолутно на место и прв меѓу првите ставот. Но, ако за тоа не сме способни брзо да направиме,.ќе сносиме навистина голема одговорност. Дотогаш постојните органи ќе мора да ги решаваат сите овие проблеми како знаат и умеат, но со голема одговорност на овој парламент. Бидезќи овој парламент е ново формиран, новоизбран. Во такви услови неколку прашања, неколку заклучоци што треба дабидат посебно апострофирани ги ставам според моето мислење на преден план, за да не ги опишуваме вечно состојбите во кои се нао^аме, а кои ќе бидат опишувани со се подраматични зборови.

Првото од сета оваа клима што се создава повторно во Југославија и би саќал тоа да биде нагласено во заклучоците јасно да се спротивставиме на повторното оживување на реалсоцијалистичките решенија во економскиот и политичкиот систему кои што се повторно на дневен ред, Барањата за социјална заштита, социјалните програми не се ни малку спорни, но се друго останува исто, а тоа исто ја продлабочува кризата и, никакви социјални програми не можат да не спасат кога е во прашање најголемиот дел на населението *цоаѓа* под или до егзистенцијалниот минимум.

Второ, конечно треба да започне процесот на приватизација на општествената сопственост, Таму каде што тоа не може да биде државна. Несфатливо е зошто до сега не проработи надлежниот државен орган за организационо поттикнуван>е и решавање на ова прашање. Со формирањето на соодветната агенција премногу долго се чекаше. Тоа морам да го кажам, бидејќи пак заклучок или став или закон за тоа овој Извршен совет имаше предложено и

усвоено на Собрание многу, многу месеци наназад. Притоа, треба дас е одбегне тоа што во врска со ова прашање се случува во некои републики. Наместо приватизација, општа национализација* 70% читам некаде дека во Хрватска веќе е национализирано претпријатие. Наместо напушта^ве на самоуправниот социјализам, излегување во мошовито вистинско пазарно стопанство, со полна приватна иницијатива, повторно враќање во државниот социјализам. Тоа го прави Србија, тоа го прави Хрватска, тоа го прави Црна Гора. Тоа е враќање назад, тоа е смртоносен удар за реформата. Ние тоа не смееме да го допуштиме. Затоа, предлагам Собранието а Социјалистичка Република Македонија да донесе закон за оваа материја и предлагам тоа да биде вградено во заклучоците и таа агенција да проработи што побрзо на ораганизиран начин да го поттикне овој процес на прива-тизација и на менување на сопственичките односи. За неа треба и кадровски и се требаше многу побрзу да се донесат работите.
Трето, треба да престане практиката според која сите главни мерки со материјални ефекти се со позначајни промени. Во општественото битие ги бараме од сојузните органи.
Тоа што ни следува да, ќе го наброиме и ќе го бараме жестоко до крај во сите прописи. Али, ако нашите заклучоци на сите нивоа главно се сфртени да добиеме некаде од некаде нешто, ние не сме способни да ги решаваме проблемите и ние сме далеку од Декларацијата за суверена македонска држава. Не можам да се оттргнам од впечатокот дека и ова денес што се бара со заклучоците претежно е упатено до Сојузната управа која не функционира. Ако се направи анализа на заклучоците во сите домени сите субјекти што ги предложија, ќе се види дека сфртувашето е таму. Јас разбирам дека е тоа огромен удар што тоа наеднаш престанува на ово] начин, но ние мораме да наогаме алтернативи, овде сопствени за тие решенија. За она што се должни реков според преземените обврски не станува збор, тоа треба да го бараме до крај и како ќе се разрешува ќе се види. Но, за нашата развојна политика, за нашите проблеми од тековното работење потребна ни е наша програма, конкретна со енергични сопствени решенија. За санација на банките мора да Имаме и сопствени решенија, не само да чекаме да го испили Сојузниот извршен совет и да се согласат сите други републики,а потоа да почнеме ние нешто конкретно да правиме во врска со нашите банки.

За проблемот во земјоделството мора да имаме и сопствени решенија. За трговскиот дефицит на Републиката мора да имаме, иако ситуацијата е сосема спротивна во едни години не сакавме да се спомнува републички билансни позиции итн, бидејќи тоа го рушеше ова, тоа го рушеше она, а денес доЈде ситуациЈа кога мора да се мисли и на сопственото покривање, За решавањето на економските и технолошките вишкови мора да имаме сопствени програми со засен план на решавање. Нема да ни помогнат и да ни ги исплатат тие средства што преку сојузната каса моеже да бидат обезбедени. За поттикнувањето и формирањето, пред се,на мали и средни претпријатија, пред

се, во приватна и мешовита сопственост. Мора да имаме сопствен систем
*џа.* симулации, фондовите за развој, неконституирани, недефинирани, неекипирани итн. мора кончено да се направат. Ако немаме на една страна влез побрз на мали, средни претпријатија, од она што ќе ни се случува на другата страна, стечај на мали или на големи фирми социјалната катастрофа е пред нас.

Четврто, со години говориме за реформата на даночниот систем. Ние само чекаме да стигне некое решеније од Сојузот. Ако до скоро мораше да биде тоа така, од сега натаму не мора да биде тоа така. Треба под итно соодветен експертски состав во рамките на Владата да подготви нов концепт за кој ќе расправа ова Собрание. Постојните измени и дотерувања на постојниот даночен систем ништо освен нестабилност, неправичност и нестимулативност не ни нудат. Една од главните пречки за обесхрабруваше на странските вложувања во Југославија и Македонијае ова прашање. Сега е прво политичката ситуација, но ова прашање нема разговор со странски партнери да не биде наметнето како едно од главните прашања Без даночен систем нов матни ни се решенијата и за растоварувањето на стопанството, синтагма или фраза која што ја употребуваме со децении и децении. Но, кога сме кај растоварувак>ето на стопан-ството ние мора да расчистиме една работа, реалитетот во врска со таа категорија, во врска со тоа прашање. Затоа сакам нешто да кажам во врска со ова. Со години главен шлагер е растоварувањето
на стопанството. Доминантен став ако не се забележи во некои заклучоци, заклучоците не важат, не се добри. Социјалните програми и растоварувањето на стопанството меѓу најексплоатираните зборови.

Тоа е и денес. Тоа значи дека наместо со производството и инвестициит
профитабилноста најмногу се бавиме со распределбата и прераспределбата, социјалистичка болест што произлегува од досегашниот социјалистички модел. Резултатот од сето тоа ни е познат. Стопанството нема пари, бара растоварување. Од друга страна милицијата нема пари и не е задоволна со платите, здравството нема пари и не е задоволно. Школството нема пари, науката нема пари, пензионерите не се задовол-ни, социјалните корисници не можат да се обесштетат така според прописите, Сега и војската исто така нема пари за своите активности, за своите програми и сл. Стануваме значи вкупно се посиромашни комплетно и заклучокот е дека нема и за едните и за другите пари, а конфронтацијата лостојано ја подгреваме на одговорни политички места или на одговорни места во системот на власта. Ако се во право н едните и другите, а се во право и едните и другите, и стопанството е оптоварено и овде другите вонстопански субјекти кои што користат доход на тој начин се сиромашни, во таква си-туација каде е проблемот. Не би се послужил со ништо, но би се послужил со некои факти. Фискалниот и останатиот товар кај нас варира од 40, од 35 до 40% од општествениот производ.

Каква е приближно таа состојба во други земји. Еве некои податоци.се погрижив да најдам. Во Јапонија 34,2, не мора сосема да се поклопуваат, индикативни се значајни. Во САД 37,6 оптоварувањаето, во Канада 45,8, во Англија 47,8%, во Германија 49, во Австрија 50,3, во Данска 60, во Шведска социјализам нај-многу 67%. Тоа се некои реални цифри што наукава ги утврдува со пресметки. Ако е ова така, тогаш каде е проблемот.
Прво, општа економска неефикасност на системот во целина да нема доволно пари за никого.

Второ, сепак голема оптовареност ан стопанството, но не од структурниот процент на зафаќање, како што ние велиме, таму има уште резерви, се разбира, тоа никој не го негира. Има големи резерви. Туку од нешто друго, а тоа е нашите претпријатија работат со крајно лоша финансиска структура на средствата. За тоа тие не се криви, туку системот во кој што се формирани и во кои што работат. Секој стопанственик денес и овде и било каде ќе ни к^же дека работи без динар сопствени обртни средства, дека работи со комерцијални и банкарски кредити за кои што плаќа огромни камати, независно дали се доволно реални, нереални, подреални итн. А да не говориме ако пак и претпријатието му е формирано и кај основните средства со кредити или нешто друго без сопствена сопственичка структура на средства. И кај обртните средства и кај основните средства. Прекубројноста на вработените е тука. Констатираме апроксимативно дека над 150 илјади работници се вишок, а можеби се и повеќе.
Според тоа, заклучокот е следниот без менуваше на сопственичката структура на претпријатијата, без менување на нивната финансиска
Структура а тоа пак до прашањето на приватната сопственост со познат носител, власник на средства без права реформа на даночниот систем, без прави банки како профитни претпријатија за кои важи истиот императив да ја менуваат сопственичката структура нема решение не само за оптовареноста на стопанството, туку нема решение воопшто за излегување од кризата.
Шесто, во заклучоците предлагам посебен став по прашањето за правниот хаос во општеството и врз таа основа кршењето на економските, социјалните и политичките права на граѓаните, а вкупно и на граѓанските права. Сите програми на политичките програми се движеа околу таа точка, покажувајќи прогресивност во споредба со досегашните идеолошки платформи. Без средување на тој правен хаос, без средување на строго почитување на зако-
ните што се однесуваат на полето на економските, социјалните и политичките права на граѓаните не може да ја средиме државата, ни случајно. Со нова или стара влада законите и санкционираните права врз таа основа мора да се спроведуваат и мора да се остваруваат. Ако тоа не се прави од федералните органи, Македонија е суверена држава, Македонија има да ги спроведува законите на сво-ето подрачје така-како-што ги донесува Собранието, претходното или ова Собрание сега ново или било кое собрание, додека не се изменал*. Само од информацијата на Извршниот совет што може да се

извлече како доказен материјал за ова прашање иако сите ова го знаеме само да наредам. Сојузните закони главно се суспендирани, ниту некој ги укинува, ниту некој ги спроведува, а тие фигурираат како закони. Дури постои натамошна инерција за носење на нови закони кои немаат шанса за спроведување, ние и на денешната седница имаме некои закони сојузни што ќе се донесат, а нема никаква гаранција дека тие закони што денес ќе ги изгласаме ќе се спроведуваат на ниво на земјата. Финансиските прописи во земјата и Републиката не се почитуваат, тоа е веќе совршено јасно. Нерегуларни емисии на сите подрачја, недопустливо што се случува. Појава на незаконити сурогати на пари се јавуваат и во македонското стопанство и во сите држави Никаква санкција нема против тие што произведуват сурогати на пари без последици на нив. Општо неизвршување на должничкодоверителните односи, никој не реагира за тоа, комплетно туку бараме да не ги почитуваме, бидејќи другите не ги почитуваат.

Не се применуваат колективните догоовор што ги потпиша Синдикатот и Стопанската комора, а се потпишаа, се сликавме на телевизија, милиони изјави дадовме во врска со тоа, па ако е не може да се спроведуваат колективните договори со тие висини на средства, нека не се потпишува тој договор. Па нека притисо кот се ивзрши на друга страна за да зе најде решението во даде-
ниот момент за актуленото економско или политичко прашање
Според тоа за да профункционира оваа држава,законите што се носат или ќе се спроведуваат, или сите закони барам овде, кои што ен се спроведуваат, да се направи еден регистер, една анализа да ги укине ова Собрание. Да рече ги донело, но не може да ги стпвоедува, или ако ги донело, ако важат и ако се пторебни, има да најде начин да ги спроведува. Еве тие работи сакам посебно да бидат потенцирани, се извинувам што оддолжив, ке се трудам во други прилики, но мислам дека мора да направиме држава, правна, снажна, со функционирање на органите.

**ДРАГАН АРСОВ:**
Најпрво дозволете ми да го извинам претседателот г-дин Андов за ова кратко отуство, мораше да замине, има некои протокуларни обврски, кај него е во посета еден амбасадор.
Со оглед на тоа што по оваа точка што на дневен ред, се јавија поголем број гфатеници што сакаат да учествуваат во претресот, а бидејЈси веќе два саата трае овој претрес, предлагам ^ доколку се прифати овој предлог, да дадеме една пауза од половина час, па после ќе продолжиме со претресот, доколку се прифака
(работата на седницата прекина во 13,10 часот и по пауза од
40 минути продолжи во 13,50 часот).

**ПЕТАР ГОШЕВ**: (продолжение)

Значи аргументот е, на негативно да одговориме. Неизвр-шувањето на акцептни налози од масовна појава. Тоа се знае.

Прекината исплата на девизни средства на граганите, елемнетарно кршење на материјални права, граганcки права на граѓаните, нема реакција, санкција за тоа. Гарнатира формално федерација или не знам кој, или народна банка итн. Неисплатени средства за сушата, а сме рекле во законите елементарна непогода, реагира Републиката, но реагира Републиката, али реагира на пример во конкретниот случај. некаде прочитав некоја бројка со 0,8% од вкупната елементарна непогода што го задесило земјоделството Тој пропис воопшто не треба.Ако не е способна Републиката да гарантира со средства за елементарни непогод, земјоделие или суша односно,од суша,од земјотрес или не знам од што, што се смета, пропис нем да носи. Па ќе каже секоја влага и овој Парламент ке каже пари нема за таа работа, не сме способни, ендоставно ќе се пропуштима на судбината на господ, на алак, и на не знам кој. Али, да се носат прописи а да не се спроведуваат, тоа е општа моралма хипокризија, која што поведението на луѓето не може да го упати во ниеден позитивне правец, освен во деструкција Неисплатенис редства за привремане аневработеност, прописи носиме во Собранието. Неисплатени средства за гарантиран личен доход прописи носиме. Неисплатени средства по однос на регреси, прописи носи Федерација, овде дискутираме. Неисплатенис средства од фондот на Федерацијата, тоа е горе. Неиспалтени срества за откуп на тутун, на грозје. Земено туќи кражба е. Му се земе на производите лот грозје, тутун му се зема, не му се исплаќаат средства инфлацијата ќе ги изеде, тоа е кражба. Тоа е комплетен хаос.

(П 0 СЛЕ ПАУЗАТА)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ги молам пратениците да ги заземат своите места За збор се јави г-ѓа Лазаревска.

**БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Почитуван претседателе, Дами и господа пратеници,

Продолжуваки ја дискусијата по првата точка, би сакала да кажам дека излагањето на г-дин Петревски го ценам и ненаоѓам спрони нешта и од неговата дискусија се наметнува впечатокот дека нашите претпоријаија се без ефикасна заштита од страна на државата и државните институции, било на републичко или на сојузно ниво. Па по однос на излагањето на г-дин Петревски, ќе бидам малку поконкретна и ќе предложам некои мерки.

На дневна седница разгледувавме СОСТОЈБИТЕ И ПРОБЛЕМИТЕ "ВО СР Македоннја на почетакот од 1991 година, односно на дневев ред ее материјали што говорат двка стопанството се наоѓа во безизлвзна положба. Производството од ден на ден е се помако,работниците се доведени на 1 на социјала пријатијата се не ликвидни,на голем број им се заканува мечајна постапка,а тоа *ќе* доведв до отпуштање на работници,што бројот на невработените се се зголеми, сето тоа укажува на потреба да се превземаат конкретни мерки за заадравување на Републиката,а се друго да биде доподна што треба да придонесе стопанството да излезе од сегашната ситуација.

Републиката за оживување на стопанство мислам дека треба пред се стопанството да се оддели од влијанието на државата Во врска со ова само да потсетам,во предизборната активност снте парти без Исклучок се залагаа стопанството приходи да се развива самостојно а државата своите
остварува првка оданачуваље само на профитот.Претпри се повеќе да се аклиматизираат,со што да се придонесе затнуј домашниот и странскиот капитал ; И прметот и други социлалистки а денеска со ние
преточува во прози дар што бува сече ави I оданочувале колку ж кога
на државата ж требаат пари,а таков начин води кон дестимулација и осиромашуваа за оној што го создава доходот
Требаат одаапред утврденж односно колку треба издвојуваат за државата .
Од друга страна на претпријатијата им требаат стварни не работа. Дрзавата задолжително да врши откуп на вишакот од зем јоделскте пронзводи по пазарни цени,
За претпријатијата кои од сопственн средства издвоју кудтура,образованив,физачка тсудтура,модернизацила когфема на мвдациаски установи и други ошвтествени дејности што св од посвбен ошптествен шнтервс,како и издво;јуваљв за помош од нвпогода и друго да им св намали. даночната стапка, да ее утври стимухатв.

Претпријатијатаа сто ќе вработуваах нови работницн во текот на годннатa(за следните 3 до 5 години) за секој вработен работник одреден процент да му се намалува даночната стапка но не повеќе од 15 од даночната стапка утврдена за оданачување на таа стопансна гранка од профитот заживување на прометотуа со тоа и зголемува на производствот Задолжнтелно треба данакот на промет да сенамалн 50 до 60.
Царинскиге давачки да се сведат на светско ниво од 12 до 16.
Странскнте вложувања за првите пет години да се ослободат од сите давачки
Да се нзмени Законот за стечајна постапка.

Тргнувајќи од сегашната финансиска положба,Службата на општествено спуема претпрнјатнјата од другнте републнки и покраини да гн наплатуна .

*ш.* другите претпријатија во Репубдиката,да се дозволи слободен увоз бенифициран царински давачки на репроматери
14ф-Вкупниот приход на граѓаните задолжително да се
оданачува* .

15ф-Проблемот за невработеноста и земјодеЈлство да се постави на дневен ред на една од следните седницж,за што убедена сум ќе изнајдеме соодветнж позитжвни решенија*
1б.-»Разгледувајќи гж меркжте што гж преддага Стопаксската комора на Македокжја,посебно на предлогот под точка 23 на страна 7,преддагам истата да се усвож со следната жзмена:
наместо деловниот простор што го користж стопанството, а е сопственост на општествено-политичката заедница да се преостапи на преструктужраже не е само трговжјата во та состојба,туку и другжте стопанскж дејности,

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор  Шабан Превала
**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Почитувано 'Претседателство,   почитувани пратеници

Пред се би сакал Претседателството да го потсетам за она правилото кој е побрз во времето, тој треба да биде појак во правото мислам дека треба да се очитува и за повикување на дискусијата. Но намерата ми е поблагородна, не да опоменувам Целта ми е да се вклучам во оваа расправа, мислам, што е мошне битна за судбината на нашето стопанство,  зашто, сме тука сите се собрани, заѓшто се заинтересирани, како Владата, така и Комората и Сојузот на синдикатите, пошто го покрена, впррчем, ова прашање кое е суптилен интерес за вработените и за работничката класа.
Ке речам дека насловот на ово матеирјал е таков што упатува на Состојбите и проблемите со репродукцијата во' Соција листичка Реапублика Македонија во почетокот на годинава. Јас би рекол дека и тоа е, а истовремено, дури ако не и повеќе, ние денеска, Состојбата и проблемтие репродуцјсијата во стопанството на Социјалистичка Република Македонија во почетокот. Во прашање е репродукцијата на стопанството општествените дејности, и причините и последиците во неостварувањето на одреднеи цели, поставени *при*  што сакаме да ги псотавиме.
Состојбите и проблемтие се такви како што  се нотирани и во матријалот. ^^ажа-лост, , движењата во минатата година, а и на почетоков на годинава не се такви ако што би ги сакале  Во првата реформска година, во минатата година, евидентен е падот на индустриското производство, на извозот и на другите, да кажам.

Истовремено имаме пад на оптшествениот прсинтетичен показател за работењето на стопанстовот јас немам оценка, али веројатно/ако се мери по гла! веројатно е многу подрастичен во однос на претходна
Показателите на првиот месец на годинава,што ги доз ниво на Групацијата што расправаше за оваа проблема дека движењата се уште полоши отколку тто ги имавме минатата година и во почетокот наминатата година. Ша тука беше речено, *со*  еден своевиден колапс, со движе навистина се алармантни, и упатуваат на барање на бр решенија.
Меѓутоа, материјалот како таков е пресек на но истовремено со оглед дека се наоѓаме на началото и во стартот за тоа како ке се движиме до крајот на с
јас мислам дека тој пружа доволно основи  а и оценките изречени од Комората и од другите, и од групациите  ни излагачи на денешната седница, мислам дека даваат с да поразмислиме како ќе се организираме,  развојот во текот на годината и до крајот на среднороч!

Мегутоа факт е дека ние мораме и во оваа при констатираме дека Македонија како во резултатите во Мка се остваруваат во услови на едно опкружување, кое што е Мислам едно опкружвуање, познато на сите нас, опкружува!
републиктие, опкружување од соседните земји и од Европа, се разбира дека во одредени односи и користа и последиците опкружување мора да се одразат врз работењето и развојот ашето стопанство• се остварува, навистина, она, се соочуваме серзионо.

Јас не сакам да ги елаборирам сите работи за што апсолутно ги прифакам сите изречени оценки во материјалите за оценките во врска со овој материјал, па и тоа што веќе беше кажано, тука, особено од претседтаелот на Комората, па и од колегата Гошев, доста мислам квалитетно елаборирани работи. Само ќе речам дека за состојбите во кои што сме, оготово по однос на ликвидноста
и невработеноста како едни, да кажам така од хроничните проблеми
на Македонското стопанство, мислам дека се причина и одредени објективни околности, меѓутоа, се прич и на и нашето однесување и однесувањето во самите работни колективи. Оттука е заклучокот да апстрахирахќи се од она што зависи од државата, сеуште нажалост, на крајот полагаме многу, а се определивме за фаза на стопанство, сепак, овај,мора вниманието на сите вработени, па и на раководните тимови во претпријатијата да биде насочено кон тоа да навистина сериозно да се вклопиме во она за што се определивме со реформсктие закони, со реформските мерки. Во спротивност ќе се соочиме со проблемот на ненаплатени побарувања, огромни 4 милијарди и 900 милино на крајот на минатата година од другите републики од кои некаде околу 60% од нашиот прв сосед Социјалистич ка Република Србија, некаде преку 15% од ср Хрватска итн. Што значи дека и во услови на скромна акумулациЈа како што иамме и во неостиг на трајни и на обртни средства, со кои се соочуваме,
сериозно, ние индиректно преку ваквиот начин на работење, така да кажам, а и условено од блокирањата во платниот систем, ние се соочуваме 6^?Н838^со проблемот на неликвидноста и со проблемот на остваруван>ето на развојните,цели на крајот на краиштата Оттука значи треба да се извлече заклучокот дека ние, значи фактички имаме во овие услови врзани средства, не во залихи, за среќа, залихите се, според материјалот произлегува дека не растат, тоа е добро. А и од друга страна и тоа е индикативно зашто се такви, затоа што, овај, не се работи, затоа што нема производство, да имавме сигурно, затоа што немаме потрошувачка можеби таква и состојбите ни се такви какви што се.
И во овоие услови, нажалост, ево видите вчера прашањето, неќна уствари се поркена прашањето за раздружувањето, пак одреде-ни колективи својата среќа ја бараат во «есоодветни партнери,
во партнерни со слаб бонитет и жалат дури за тоа, ето да кажеме ако се раздружи Македонија, што ќе биде со нив како што е случајот со ОТЕКСЛихнида, Тетекс итн., чие производство, како што произлегува од

теренот, од телефаксите, се пласирани некаде околу 50% во оваа Република и во Хрватска. Јас мислам дека ние мораме да бидеме свесни, ние се
определивме за пазарно стопанисутвање, икао се поделивме така, ние не можеме да бараме сега, спас, секогаш, во државата. Државата ќе си ги врши работите што се определени ,со Уставот и со законите.
Меѓутоа мрраме да мсилиме поготово, користејки го правото па и
на раздружување, ако се определиме за тоа, да ние си бараме солидни партнери, :пред се, било во  земјата или во странство, побрзо да ги наплатиме побаруваљата, да дојдеме до пари и со тоа и да го решиме рпоблемот на неливкидноста, па и на акумулацијата,на крајот на краиштата. Е, видите, на крајот на краиштата нема репродукција без наплата. Ние ако продадеме, а не наплатиме, со тоа само сем извршиле една трансформација на средствата од материјални во побарување во преоден вид, и нШто друго. Дотолку
повеќе, ние како Македонија мораме да сме заинтересирани за што поголеми се побарувањата, апомалку обврсктие. И мислам дека оттука и нашето настојување, па дури и оправданите, да кажам, мерки и посредувааа на Владата да се дојде до тие средства. Меутоа, јас лично сега зборувам како стопанственик, како човек до стопанство, мораме ние во работните колективи да се престроиме така да мислиме на кого продаваме, стоака, и да дојдеме до онаа, до крајната цел.

**ШАБАН ПРЕВАЛА**:(продолжение)

Проблемот на невработеноста кај логично се јавува, затоа што знаеме дека дури со законски прописи на работните колективи им наметнувавме преку Законот за приправници и преку други форми, па и поради нашите балкански односи , солидарни до крај да го решиме проблемот на овој на оној. Меѓутоа, пазарот денеска не ни признава и ние мораме да се престроиме.-Мислам дека нормално е ние да се соочиме со тој проблем се посериозно, затоа што и во Источниот дел на Германија кој се вклопи веќе со Сојузна Германија секој втор човек е без работа. Ме:ѓутоа тоа е тоа, социјализмот веќе раскрстува со старата пракса. Меѓутоа, мораме да бараме решенија што ги нуди приватниот сектор. Токму ова треба да не натера со помош на агенцијата, која треба конечно да се основа и да проработи, па што побрзо да се изврши трансформацијата на општествениот капитал. Дали во мешовит, или во чисто приватен, тоа е друго, но ние мораме тој пат да го поминеме што побрзо
ако навистина сакаме да се вклопиме во современите пазарни односи на стопанисуваше, ако навистина сакаме да ја совладаме и конкуренцијата, но и да ја нотираме одговорноста за деловен однос. Притоа, не само интерните с1кции, не се тоа фиктивни тие се наплатуваат од личниот доход на вработените, но покрај интерните акции да се активираат и ексерни акции. Но, нормално како што предвидува Законот за трансформација на општествениот капитал и како што ќе изнајде начин и метод агенцијата што треба да ја рсноваме и која што побрзо треба да функционира. Во спротивно,
ние само ќе кукаме над нашата судбина, ќе бараме излез од системот од кој што се откажавме. Ние всушност се определивме за нов систем светски, така да кажам и "нема што да бараме надвор од тоа.

Значи, пред нас се наметнува како неодложно прашањето на што побрзо договарање за иднината на Југославија за да го промениме здружувањето кое што не ни е благонаклоно, за да се создадат навис-тина партнерски односи во Југославија меѓу претпријатијата. Враќање на стопанските текови во реформските определби. Минатата година ние имавме и успех. Дојдовме до конвертабилен динар, па и до стабилен пазар, меѓ^утоа, при крајот на годината моравме да се соочиме повторно со девалвацијата која што претставува премија за извозниците. На жалост, немаа друг излез , па бараа девалвација, и ете дојде до тоа но, затоа веднаш на почетокот на годината се соочивме со нов раст на цените, со таа игра без граници, како што јас ја викам. Ние мора да се вратиме во реформските текови. Што побрзо трансформирање на општествените претпријатија, посмело чекорење кон пазарниот начин
на стопанисуван>е, сообразување на личната,заедничката и општата потрошувачка, особено општата и заедничката потрошувачка со реалните можности на стопанството. Во тие рамките преиспитување на нашата
мрежа, здравствени установи и друго , каде што мислам дека големи резерви се кријат, па и во образовната свера, за да велиме постојано растоварување

на стопанството. Да,растоваруваше на стопан-ството, ме^утоа, треба да се мисли дека тоа растоварување на стопан ството од другата страна подразбира и нешто друго. Затоа се залагам за тоа да истовремено се мисли за сериозно преиспитување на општес-твените дејности, особено одредени дејности што имаат внатрешни резерви.

На крајот, ако се оствари самостојноста на Македонија како што ја сакаме, суверена, посмело и посамостојно отвораше кон соседните земји, не само кон соседните републики, туку кон соседните земји, затоа што Грција за нас е Европа и кон другите земји на Европа.

**ФАИК АБДИ:**
Навистина, по опширното излагање на претставникот на Извршниот совет, потпретседателот Васил Влашки, претставникот на Стопанската комора на Македонија и претставникот на Сојузот на синдикатите , како и другарите Петар Гошев и Превала многу тешко е да се каже нешто ново. Она што се случува со нас во Југославија , иако минатата година се определивме за пазарна економија, мислам дека и полити-чарите, републиките осетија дека го губат тлото. Слично како што едно време осетија дека го губат тлото , па ја отфрлија па-зарната економија. Ако 1965 година ги решевме проблемите и поми-
невме со таа стопанска реформа во пазарна економија, во што бевме
доследни на нашите претходните, ние денес немаше за ова да рас-праваме, немаше да се најдеме во ваква позиција, туку ќе се најдевме некаде во Европа длабоко навлезени. Меѓутоа, тогаш се исплашивме, процвета договорното стопанство, живеевме комотно, елегантно и сега елегантно лека полека пропаѓ^аме. Меѓутоа, тоа е факт. Јас сум убеден во тоа и верувам дека сигурно за два три месеци, или една година нема да се опоравиме. Сигурно ќе
помине еден подолг временски период, можеби една петолетка и по-веќе да можеме да^застанеме на здрави нозе и да зборуваме малку поинаку и овде и пред светот.
Ако минатата година како мерки на стопанската реформа останавме за 7-8 месеци да ја совладаме инфлацијата со над 1000 посто добивме еден респект како Југославија во Европа и во светот, инте-ресна работа настана со кршење на пазарната економија. Со ставање препреки. Веднаш тоа се осети некаде јули-септември месец. Сега нормално што е тоа е. Мислам дека нашата ориентација за стопани- сување од аспект на понудата и побарувачката, како најосновни елементи, тоа е тоа што ќе даде нова вредност и секако дека не ќе
имаме ваква медицинска услуга, и во болниците нема да се дава храна од конзерви и не знам со какви вилушки и лажици, од пред војната да се служи, не знам што уште има по болниците таму.

. Или, ќе имаме образование со штрајкување и часовите од 5 само 2 да бидат продуктивни, а другите да бидат во коментари, непродуктивни. Ке имаме подобра култура и се друго што го следи нашиот редовен живот. Само производно материјалната свера биде јака , а да се дојде до тоа треба многу да се направи. Секој тоа ќе го осети повеќе или помалку. Во оној момент кога ќе се сведе бројот на вработените на ниво на една развиена земја, после 5 или 10 години тогаш ќе прифатиме образованието до 8 одделение да биде бесплатно, а после секој да си го плати. Сега во ова безработица кој ќе го плати образованието. Треба да бидеме многу одмерени во нашите расудувака, предлози итн.

Во нашето стопанство имаме работни средини каде што сеуште се произведува со орадија за работа од пред втората светска војна или некаде *неѓу* дв^те оветски војни механичка. Денес сме во ерата на роботизација, компјутеризација, автоматизација а ние сеуште работиме со какви орадија за работа. Не е мал бројот на таквите фабрики. Каква цена на чинење ќе има производот со такви орадија ^ба работа, каде што живата работна снага, учествува многу-многу во однос на нашите комшии. Тоа значи, нашата Стопанска комора, асоци-јацијата на организациите ќе мора да го стави на дневен ред тоа прашање и секоја работна целина да си направи осврт за својата технологија и да види што има кај комшиите и малку подалеку. Се разбира , ние пари немаме , но ќе мора да се најдат пари врз база на осамостојување на Републиката. Со нашите комшии и пошироко, многу подобри односи, и меѓународниот монетарен фонд итн Да дојдеме до степен кога ќе имаме такви фабрики кои што ќе даваат големо, квалитетно и модерно современо производство. Тогаш ќе живееме подобро. Моето залагање е на оваа свера најголемо внимание да се обрне.

Меѓутоа, ние досега се надевавме многу од фондот за неразвиените подрачја. Како стопанственици сведоци сме на една реалност, подготвување на елаборати, за изградба на некоја мала или поголема фабрика, или реконструкција или модернизација, но постои вистина дека тие елаборати мора да се изработат по едно одредено правило, затоа што банките во Југославија се договориле на тој трг, така да бидат направени тие програми. Тие програми ги прават стручк>аци по 5-6 месеци и по 150-200 страници, а во ниедна банка нема да се прочита сето тоа. За тие б месеци има девалвација, депресијација. на динар итн., па дури се одобри , дури се изгради технологијата застарува. Тоа значи нема ефикасност. И за ова мислам дека стопанската комора и државата, па и ние овде, ќе мора да водиме сметка. Да се договориме за многу побрзо градење и ефектуирање на инвестициите. Има една вистина , колешка ми вели директоре се плашам да одам во продавница да купам   што може да биде? Јас и велам пред да одиш да купуваш, земи си и камен, затоа што некој може да те удри по глава, да ти го земе тоа што си го купила јадење, и да избега. Тоа значи дека имаме една голема оргија пролетери без плата, без леб, без ништо, социјална политика каква што ни дозволува можноста на

Републиката, тоа е многу малку немаме издвојуваше. Вчера добив телефонски повик од Виница за голем глад од една категорија на луѓе. Кој е тој што треба да има даде. И професори и доктори и не знам уште кој пред Собрание доаѓаат, штрајкови итн. , социјалната тензија расте. Од каде, од кој бунар? Од каде ќе земат да се дадат таму средства. Значи, ние сме ставени во ситуација како Парламент многу сериозно, блазеси им на тие што имаат девизи, тие што со години можеле да штедат на некој начин, па сега можат да преживеат, меѓ^утоа, добар дел од населението на Македонија,па и Југославија страда.
Не знам каква социјална политика би требало да се води. Ќе бидеме добра држава кога една фирма ќе отпушти работници, тие ќе се јават во бирото за вработување и веднаш со едно писменце да одат во Центарот за социјална работа и таму да добиваат соодветен личен доход, се додека не најдат работа. Тоа ќе биде многу фино како Австралија, да речеме. Меѓутоа, многу сме далеку од Австралија и од развиените земји.
Предлагам, материјалот што е даден од Извршниот совет и искажувањето на потпретседателот Васил Влашки, од каде гледам голем оптимизам, како да имаме помали загуби од другите републики како да нашата акумулација е поголема од другите, тоа е во проценти искажано,но да видиме во апсолутен износ и по работник по жител, колкави се тие. Ќе видите дека тие се фрапантни, апсолутно незгодни, не се добри. Оптимист да се биде оваа ситуација мислам дека е многу тешко. Ако знам дека на 100 динари вкупен ^риход колку учествуваат потрошените средства, директно материјалните трошоци, колку амортизацијата, колку нето личниот доход и колку е акумулацијата, е многу тешко. Само споредено со 2-3 години station наназад, а тоа со години се влече, Ние живеевме отмено, без да размислиме на нафтата, нафтен шок, со големи цени, а тоа е нарушување во сите области. 1978 година, исто така, нафтен шок, сега ова што се случува со Блискиот Исток и тоа со голем цех ќе го платиме.
Да ги оставиме овие тензии за кои со саат разговараме овде.

Влада ваква или онаква, од оваа или онаа партија, туку да најдеме луге способни, без разлика на која партија и припаѓ^аат *луѓе* паметни и умни лугр кои што нема да водат сметка на која партија и припаѓаат, туку економијата е неумолива. Бројките се неумоливи. Нема партиска припадност. Економијата е таа. Да се каже со прави човечки зборови и да се најде излез од оваа криза. Инаку нема да стигнеме далеку од овие 3 месеци. Апелирам Стопанската комора да поведе поголема акција ме^у стопанствениците и секоја организација сама да се провери себеси покрај должничко-доверителните односи, покрај побарувањата, добро е што имаме поглеми побаруваша, отколку обврски орадијата за работа кажат дали сме спремни да влеземе во Европа и со која цена. Не се согласувам со одредени размислувања дека ете девалвациЈа е , односот западна валута наш динар е несоодветен,итн. Надворешната цена во никој случај не треба да биде еднаква на нашата цена. Ние ќе се владееме по таа цена. А тоа значи ќе мора да

бидеме многу поефтини на пазарот. Друг излез немаме.

**СТОЈАН АНДОВ:**
Молам, ако може да се договориме. Се разбира, јас нема да ве прекинувам, меѓутоа, ако сакате да работиме поефикасно предлагам да се произнесуваме по Предлогот на заклучокот. Ако има некој предлог што уште да се заклучи, или ова да се измени да се каже. Инаку се повторуваме.

**ЈОВАН НИКОЛОВСКИ:**
Почитувани пратеници, нема да ве замарам, доста се зборуваше за состојбите во стопанството, тргнувајќи од 1991 година. Ќе кажам нешто во врска со состојбите во здравството, односно ќе предложам мерки што мораме под итно да ги разделиме на краткорочни итни мерки и долгорочни итни мерки за решавање на состојбите во здравството.
На сите ви е познато дека шесто триесет милиони динари недостасуваат средства во здравството во почетокот на оваа година. Тоа се загуби од минатата година, односно 15% од потребите за здравство во Македонија. Знаете дека учеството од национални-от доход за здравство од Македонија е паднато само на 3,5%, а Светската здравствена организација рекла дека ниту еден народ не може да има здравство ако барем 6% од националниот доход не изд-војува за тоа. Од таму ќе видиме какви се состојбите.
Не сакам да зборувам за сето она што сега моментално се случува во здравствените установи и клиники. Таму каде што не може да се обезбедат ниту основни средств аза нивнод нормално ра-ботење. Односно не апелирам дека треба да им се дадат пари за лични доходи на здравствените работници. Апелирам кон тоа да се обезбеди минимална здравствена заштита на нашиот работен човек кој секојдневно е на работа, но мора да се грижиме за неговото здравје. Ако нема здравје, нема да биде продуктивен.

Според тоа предлагам, под итно, анализирајќи ги овие «состојби сега какви се во здравството да се донесат мерки за обез-бедува1Бе средства за покривање на овие загуби што се инаку не мо-же здравството веќе да работи. Ке нема никакви средства за работа.

Понатаму не знам во делот за кој што зборуваше колегата, што ќе стане со оние средства што ги должи Федерацијат,а односн средства што ги користат развиените републики од реципроцитетот на плаќашето односно конвенцијата нашите осигуреници чии роди-тели работат во западни земји а нивните фамилии се лечат во Македонија. Ова Собрание мора да разговара и да донесе, дали ќе ја суспендира таа конвенција на ниво на Југославија, затоа што веќе неколку години тие средства нам не ни се наплатуваат. Не доа *ѓаат* во Македонија. Не знам дали ви е познато, еден од секрета-рите на СИЗ-овите даде предлог на суд, да ја тужи Федерацијата заради овие средства. Сигурно тука претседателот на Комитетот знае. Но, ништо не се оствари.

Пак сите тие осигуреници се лекуваат бесплатно. Значи, тоа е една мерка која ова Собрание може да ја покрене, дали да ја суспендираме оваа конвенција или не. Дали тие луге треба да платат за користење на здравствена заштита, или да ]а плакаат таа здравствена заштита, а од таму да бараат да им се наплати таму каде се осигуреници

Понатаму, на некој начин го оптоваривме работникот со тоа што воведовме партиципација. Партиципацијата не го реши пробле-мот на здравството. Треба да знаете дека лугето избегаваат да бараа здравствена заштита во овие социјални тензии и доаѓаа само тогаш кога имаат неопходна потреба од здравствена заштита. Луѓето лековите ги купуваат во апотека без да водат сметка за тоа како ќе се одразат на нивното здравје. Лековите ги купуваат како продукт за да не платат партиципација, а компликацијата од при-мена на таквите лекарства, затоа што пред тоа не е поставена ди јагноза како може да се рдрази на здравјето на човекот, е исто така едно прашање.

Загубите ќе бидат уште поголеми ако имаме болни луге или луѓе кои ни се интоксицирани со лекови што се набавуваат во апоте-ките. Според тоа, тука уште и Извршниот совет, сепак тој треба да ја продолжи својата работа до избор на новата Влада и да предло-жи мерки. Не знам до кога ќе трае ограничувањето на дел од придонесот, мислам дека беше до 31 март, оние 25% од земјоделието и текстилната индустрија. Тоа сигурно нема да ја подобри состојбата во здравството.
Треба да се донесе законот за здравство кој е даден како предлог што нуди определени решенија но тие не се моментални ре-шенија. Тоа се решенија што ќе дадат ефекти подоцна, а не сега. Мислам дека веќе треба да се пушти во процедура, примен е. Можеби во тој закон има одредени недоречености, може да се дооформува и да се донесе во еден дефинитивен текст, но тоа за перспектива,а не за сега.
Преструктуирашето во стопанството и здравството. Велиме дека со преструктуиране во стопанството ќе добиеме контра продукт кој што подобро ќе се одрази и во општествените дејлости. Но, преструктуирањето во стопанството не е почнато. И тоа е еден долгорочен програм кој исто така моментално не може да ја реши сое-тојбата во здравството.
Донесуване на други акти кои се донесуваат за реорганизација на здравствените установи односно поминување на пазарна економи]а во здравствените установи, донесување нормативи и акти за услугите во здравството, организираноста во здравството, во простор и кадри, тие се во тек, но не се донесени. Во тој дел има уште време за да дојдеме до едни сознанија како да се организираме во работешето. Но проблемот сеуште стои, чека нречен.

Според тоа, предлагам во краткорочните мерки да се види низ проблемот на даноците, мора да се реши некој дел од делот на загубите во здравството.
За партиципацијата, реков, не е добро решение.
Исто така треба да се види, а имавме и еден материјал, парламентарната група веќе заговара за прогласување на јавен долг за дел од загубите во здравството. Сигурно може, тука има место, но јавниот долг кој ќе го покрие во овие состојби на економските проблеми во Републикава.
Така што мора да се изнаоѓаат итни решенија, а јас мислам дека најитно решение, ако не можеме сб, тогаш барем дел да покриеме како јавен долг во здравството тогаш и во делот на данокот на промет може да се даде одреден процент според кој директно ќе може да се покрие, да не се оптоварат работните организации преку придонеси за здравство, а исто така мора да плаќа тој и дел од она што е како данок на промет на производот што ќе го купи. Но, барем ќе дојде до една пореална прераспределба на трошоците во здравството.

Нема да се оптовари само човекот код прима личен доход од работен однос односно ќе бидат опфатени поголем број на луге кои денеска, сепак мислам преку преструктуирањето, преку отворањето на приватните трговски работни организации имаат одреден доход поголем од оние што се вработени во општествените дејости. Значи, има тука место за разсмилување како иницијатива што треба и Извршниот совет да го земе како мерка за натамошно решавање.

**СТОЈАН АНДОВ:**
Не знам дали повторно да укажувам, дали забележувањет ќе ни избега темата. Затоа ве молам, имате текст на заклучоци, одете по нив или кажете некои нови точки за заклучување. Јас нема да ве прекинувам во дискусијата.
Има збор господин Симеон Ивановски.
**СИМЕОН ИВАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Јас пред да почнам да дискутирам би сакал да замолам дискутантите односно да предложам на вакви точки' на дневен ред кога има повеќе дискутанти да се објави порано, да се пријавуваме, да можеме како сме се пријавувале да излегуваме и да дискутираме. Вака испа^а кој побрзо или јас можам да му забележам на претседателот бидејќи зависи кого забележал или кого познава и т.н. Мислам дека се натрпуваме и немаме ред.
Второ што би сакал исто така да предложам кога е ваква точка на дневен ред, да не се повторуваме, да не искажуваме констатации по икс пати иако сигурно матери^ата е таква кога во некои работи ќе се повториме, дискусијата да се ограничи. За оваа ра-бота најмногу ни се потребни 5 минути бидејќи за пет минути може да се каже ако се има нешто ново и евентуално да се повтори од она што беше кажано. Нема потреба навистина за елаборација за општо познати работи.
Придржувајќи се на ова што сега гокажав ќе се откажам од она за што сметав да дискутирам бидејќи сметам дека е искажано како констатации. Ќе го нагласам она што сметам дека до сега не
е изречено и некои мои размислувања како мерки или предлози на размислувања што можат да послужат како заклучоци, доколку обработувачите на материјата ги оценат.како такви.

Прво, овде не беше доволно, според мене, истакнато за состојбат ана извозноактивните организации, Во каква ситуација се наоѓаат тие визави нереалниот курс на динарот во однос на доларот, марката, корпата на валути и т.н. Домашниот пазар, констатиравме, не го прифаќа нашето производство од разни причини што беа констатирани. Тоа не значи дека се залагам за нова девалвација на динарот, туку се залагам дека за овие организации мора да се предвѓди дел за стимулации како би можеле, да не ги туркаме и оние организации што имаат производство за извоз, да не ги туркаме во пропаст. Веднаш ќе се постави прашањето дека нема средства за тоа, како и за друго, но сметам дека мора да се нај-дат и ќе се изнајдат некакви средства. Јас само да кажам, ако можеме да јадеме банани за 10 или 15 динари а нашите јаболка стојат, ако можеме да јадеме лимони и портокали, односно наогаме средства за увоз на такви, најверојатно дека за извозно ориентираните органиазции би можеле да најдеме место за стимулации што не би требале да бидат помалку од 20% бидејќи е општа оценка дека курсот е нереален, сигурно, за повеќе од 30%.
Втора констатација која сакам овде да ја извлечам, на која веројатно ќе има акции, тоа е висината на цената на електрич ната енергија. И за стопанството и за граѓ^анството сметам дека ваквата цена на електричната енергија е неподнослива иако мерена преку некакви критериуми, веројатно е поевтина онолку колку што е во Германија или во Австрија, јас не сум ја мерел, сигурно дека може да е. Но сигурно дека икс други параметри не се овде Ј^толку колку што се таму.
Според тоа, сметам дека во овој момент треба, а тоа го имам после забележано како заклучок, треба да се преиспитаат правилата за формираше на цената на електричната енергиј а, тие да се преиспитаат, да се предложат соодветни за нашите услови на стопанисување, а цената на електричната енергија, мое мислење е дека треба да се врати на висината од јануари. Зошто? Затоа што докол-ку сите што и должиме на Електростопанството сега ги измириме долговите сметам дека има место и за 30% да се намали струјата, не помалку. Нема кој не и должи. Нема организација и нема човек кој не должи на Електростопанството а цените се зголемуваат и натаму и долговите се зголемуваат понатаму. .

Само како пример, групацијата од која што доаѓа од обоената металургија, од рудниците за олово и цинк, струјата е таму повеќе од 20% од вкупните трошоци. Пак ќе кажам,  не е до цената, не знам како е во другите земји, но толку не учествува во трошоците. Да кажам дека цената на електричната енергија за едномесечно работење достигна повеќе од 50% од нето личниот доход што го обез-бедуваме за работниците. Ако за 6 илјади работници од обоената металургија во Македонија обезбедуваме нето личен доход, 50% од тоа треба за електричната енергија. За нашите услови е тоа неподносливо и неопходни се итни мерки.
Да поминам сега на тоа што сметав да го кажам како мои размислувања за предлози на заклучоци и ако можеби некои од нив беа искажани:

1. Да се донесе макроекономска политика на ниво на Република, прилагодена на стопанството на Македонија, бидејќи онаа на СИС или на државата не се спроведува, таа не постои. Тоа е на штета на македонското стопанство. Зошто не функционира, зошто не се спроведува беа искажани доста констатации. Според тоа, на нашата Републикаи треба макроекономска политика прилагодена на на.

Второ, да се воведат стимулации за поттикнување на извозот, за извозно ориентираното стопанство не помали од 20%, со што ќе се ублажи сеуште нереалниот курс на динарот и подобри дефицитот во извозот. Коментар за тоа дадов пред малку.
Трето, да се ослободат од увозни царински дажбини опремата, резервните делови и репроматеријалите што се користат за производсто на стока за извоз. Коментар за ова е излишен бидејќи навистина плаќаме од 30 до 40% увозни давачки за машини, репроматеријали, резервни делови, за стоката што оди за извоз, а на неа нема никакви стимулации, а имаме 30-40% нереален курс на динарот
Четврто, работните организации што вложуваат сопствени средства во инвестициони програми за кои имаат одобрено а ненаплатени средства од ФНП да се ослободат за задолжените средства од здружувашето средства за ФНП, РФНП и енергетика. Јасна е целта.
Имаме програми, одобрени, средства нема, нема прилив, не може да ги прифаќаме и тогаш мора да се бараат сопствени извори на сред-ства за финансирак>е. Тогаш е барем ред да бидеме ослободени, да не плаќаме контра оние што се за ФНП, РФНП и заедно со енергетиката, за да можеме ова на некој начин што го имаме со програмите,да не сто]ат програмите што прават поголема штета.
Петто, да се преиспитаат критериумите по кои се формира цена ан електричната енергија и донесат такви што ќе бидат реални за нашите услови на стопанисување и за нашето ниво на стандард. Цената на електричната енергија да се врати на ниво на јануари

Коментар за тоа дадов како мое видување.
Шесто, да се изградат социјални програми со кои ќе се гарантира социјалната сигурност на работниците што се јавуваат како организационен и технолошки вишок, со што би се ослободило стопанството од притисокот на овој проблем и би можело поуспешно да делува. И за тоа имаше доста коментари. Ние или мора да имаме средства за социјални програми, за реализациза на тие програми или пак се согласувам со оние кои предложија да се стави морато-
риум на тоа да не се прогласуваат технолошки и организациони ви-шоци, бидејќи практично само правиме неред во работните организации.
Седмо, да се донесе закон со кој ќе се регулира зафаќањето од стопанството да може да биде, односно како основица да послужи нето личниот доход и добивката. Зафаќањата од нето личниот доход не можат да бидат поголеми од 35%. Мислам дека навистина треба да престанеме да измислуваме некакви категории на доход, бруто личен доход, непознат категории во економијата за кои се залагаме и од неа некакви одбитоци, па постојано инверзна опера-ција да добиваме основица која е непозната. Мора да е јасна работата. Ако има добивка, мора да се знае колку се оданочува и кол-ку треба на нето личните доходи да се плати с§ она што значи зафаќање за општа и заедничка потрошувачка. Ако е личниот доход 100, тогаш 35 е за тоа и да се знае колку е. А не постојано инверзни операции. Кога имаме разговори со одредени и странски партнераат бруто личен доход. Не можеме да им објасниме што значи тоа, бидејќи кај нив како такви не постојат. Тоа се само инверзни, измислени операции. Сметам дека не треба да биде повеќе од 35%. Знам дека на тоа ќе
^^ има реакции, но има реакции и од другото, има реакции и од ова,
мислам дека сепак во овој момент тоа е реално.

**СИМЕОН ИВАНОВСКИ**: (Продолжение)
Осум да се што побрзо изврши санација на банките како би можеле да отпочне запрениот инвестиционен циклус. Тоа беше дискутирано и под број девет јас да го повторам иако беше така речено сметам дека покрај сите наши состојби вакви што ги дискутираме нам ни е неопходно потребна Влада да избереме, тоа не значи дека не се согласувам со објаснувањата кој беа дадени минатиот пат од претседателот како и на кој начин треба да дој-деме до Влада, но мислам дека ни треба Влада и тоа јас ќе избегнам да речам бидејќи знам дека на некои им смета да биде компетентна. Мислам ако им смета тоа^да биде умешна или Влада која ќе умее ова стопанство вакво какво што денеска констатираме да најде излез и правци на излез од оваа криза. А дали ќе биде компетентна дали ќе се вика способна, дали ќе се вика стручна нека бира секој по свое.

**СТОЈАН АНДОВ:**
Размислувам околу една практична работа. Да прекинеме со оваа расправа, да го утврдиме дневниот ред на осмата седница, да ја минеме точката Дополнување на Платформата, да му овозможиме на' претседателот на Републиката да оди на седница да не го доведеме во ситуација да неможе да стигне оти тоа ни е неопходно. Како сме тргнале уште колку раце се дигнати овде ние и утре нема да успееме да ја завршиме оваа расправа. А после 1 тоада го свршиме, бидејќи имаме посебен заклучок можеме да продолжиме, верујте не ми смета секој по пола саат нека зборува.

Може ли така? (Од пратениците се слуша прашањето зошто)
Затоа што така правите господо посланици. Токму така постапуваме сите. Може ли да се договориме?
**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**
Сметам дека ваша слабост е што не ја вршите доволно рационално вашата претседавачка функција и не доведувате во ситуација на инпровизација. Се сметам оштетен заради тоа што вие не сте реагирале некого да го скратите, ако сте сметате дека е вон тема или премногу долго трае да може во еден континуитет како пратеник да се искажам спремас дневниот ред.
**СТОЈАН АНДОВ:**

Знаете, ова е прва работа за стопанството и не си допуштив никого да го прекинам затоа што материјалот е одамна испратен и секој од пратениците можеше доста добро да се подготви за расправата.и невредеше да се прекинува и да им се укажува веќе на првите говорници Оттаму јас овој предлог го дадов вака. Заради континуитетот ако е многу значаен да го исслушаме уште господин Голубовски, па после да продолжиме, а после да продолжиме како предложив. Верујте не си дозволив никого да го прекинам, очекувајќи во оваа ситуација секој да каже нешто ново и значајно затоа што е ова наша прва расправа од областа на стопанството.

Дали мојот предлог се прифаќа?
(Пратениците се согласија да се прифати)
Дали има некоја против?
(1 пратеник против)

(За реплика се јави господинот Михаил Пановски) А, како ќе знам дека и друг нема да бара уште пола минут. (му одговара на пратеникот Михаил Пановски) Ако го прифативте предлогот, го прифативте, госпо-дине Пановски седнетеси на местото Ве молам. Или ако се прифати предлогот да седите сите и сега да минеме на тоа што сме го прифатиле, Инаку ако вака ме доветувате во ситуација да не сум сигурен што сте прифатиле тоа не е добро, Ајде сега да постапиме во согласност со овој предлог, да го утврдиме дневниот ред^од Осмата седница.

(Седницата прекина со работа во 15 часот)

(Седницата продолжи со работа во 17,00 часот)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, да продолжиме со работа по четвртата точка од
Седмата седница на Собранието.
Има збор господин Давчев

**ПЕТАР ДАВЧЕВ:**

Почитувано Претседателство, дами и господо , во потполност се согласувам со Анализата и констатациите во стопанството и несто-панството но на ниво на Македонија. Морам да кажам дека анализа на вкупните состојби во стопанството и нестопанството во одредени региони во Републиката, во одредени општини во Републиката, не се прават, па не можат ни да предлагаат мерки за подобрување на состојбите во тие региони. Ова го велам поради состојбата во Штипското стопанство, која е крајно лоша.

Штипското стопанство е со ниска акумулативна и репродуктивна способност. Вработените во Штипското стопанство и повеќе од 6 месеци зема гарантиран личен доход, и тоа со задогуваше, што доведе до зголемени социјални тензии. Македонка, Астибо, Баргала, Балканекспрес, Металски завод Штип, ЗИК Црвена Ѕвезда и други се организации кои земаат гарантиран личен доход помал од просечниот во Републиката. Толкувањето на СОК за плаќање на придонесите на исплатениот загарантиран личен доход ќе ги доведе во уште полоша состојба овие организации.

Од друга страна производственото и трговско претпријатие Мак Промет е организација која работи позитивно, но мегу човечките односи го потискуваат скоро цела година. Раководителите во оваа организација 900-ните вработени ги поделија така да Претпријатието признати или непризнати има двајца директори или два работнички совета. Поради неприлагодувањето на стопанските прописи општествениот капитал, буквално никој не го штити.

Порано можеше општината да воведе принудна управа со тоа да го заштити општествениот капитал. Тоа сега не може да го направи општината, а не знам дали некој може законски тоа да го направи. Бавни се позитивните процеси на преструктуирање, а нови инвестиции нема. Штип од заемот за вработување има искористено 13 посто, за кбе никој не е виновен. Штип нудеше програми со кои постепено би почнало преструктуираше на стопанството, но тоа не го оствари бидејќи секоја општина го штити монополот во одредени гранки. Ако за преструктуирањето на стоапнството и новото инвестирање треба да води грижа Агенцијата и Фондот за развој по одредени региони барам да се наведе во заклучоците и да се потенцира во нивните статути за оваа обврска
Што се однесува до Програмата за социјално-загрозеното население, сметам дека треба да се донесат критериуми за социјално загрозени, за да се знае кој е социјално загрозен,кој не е.
Предлагам во заклучоците претпријатието за професионална рехабилитација и вработување на инвалкдите, кои се повеќе како само они да се задолжени да ги примаат инвалидите од сите категории Бројот на овие организации за оспособување и вработување на инвалиди е се поголем, па затоа нивната улога и нивното место во ова општество треба да се дефинира со посебен закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Ханџиски

**БЛАГОЈА ХАНЏИСКИ:**

Господине претседателе, дами и господо пратеници Јас понесов на говорницата четири материјали , од кои немам намера да цитирам или читам.
Првиот материјал го понесов за да се произнесам по она што значи слика на состојбите презентирани од ИС. Состојбите се веродостојно отсликани. Сигурно дека ќе бевме позадоволни да имаше дефект во отсликувањето, а состојбите да беа подобри, меѓутоа тоа што е е. Материјалот го понесов заради точката 7 затоа што делувам во областа на општествените дејности и да укажам на тоа дека оваа точка е нешто послабо елаборирана и обработено и посебно да укажам на следното:
Во делот на точка 7, каде што се зборува за општествените дејности никаде не е спомната една општествена област во која што имаме најголеми и најдобри резултати, без прекин, во еден подолг период, а тоа е областа на културата. Сметам дека овој Парламент не може да си допушти и во заклучоците да не ги дотакне проблемите во областа на културата. Не сугерирам ништо посебно ко поглед на заклучоците, затоа што веднаш го

предлагам следното. Денеска имавме навистина извонредни дискусии, учество во расправата поедна ваква точка на дневниот ред, која што значи, живот во Републикатс Во тие наши расправи имаше извонредно конструктивни предлози и не е можно ние денеска да излеземе и со заклучоци. Затоа веднаш предлагам телата на Собранието сите тие плодни, аргументирани дискусии повторно ги изанализираат и на наредната седница да излеземе со заклучоци.

Вторите два материјала ги донесов од следните причини: Едниот материјал е доставен, ако се сеќавате кога ние сеуште немавме комисии, па формиравме атхок пратенички групи да ги проследат материјалите. Едниот материјал ни е нумериран под број 1 и тоа е атхок од групата за стопанскиот дел, а другиот материјал под број 2 атхок од групата за општествени дејности, Ако погледнете во делот од групата за стопански дејности никаде не се споменуваат општес твените. Нажалост и обратно во материјалот од групата за општествени дејности никаде не се споменува стопанството, Таа пракса овој Парламент треба да ја надмине. Сите дејности во едно општество се органски поврзани и прават една целина. Причинско , последичко се поврзани за општествените дејности само ќе дадам еден вулгализиран пример, а за делот на стопанствениците зошто секогаш по малку ги тргаат општествените дејности настрана и ги толкуваат како товар итн. самите нека дадат одговор.
Најдобар стандард во општествените дејности, посебно во основното образование имаше општина Пробиштип, само заради тоа што имаше извонредно добро стопанство. Имавме училиш^ен центар, имавме стандард на вработени кој што се мереше со Европскиот стандард. Кога паднаа на колена двета крупни стопански организации проблемот веднаш се реперкуира и во основното образование. Сличен е случајот со Штип, каде што стопанството лежи на една гранка која што се вика текстил и која што е сега ослободена од давачки. Тие проблеми веднаш се прелеаа во општествените дејности односно во рбразованието Третиот материјал, е заеднички настап на двете групи пред овој Парламент, и тука се дадени двата заклучоци, како се извадени од заклучоците од поедините материјали. Повторно немаат органска врска. Затоа ќе го кажам следното:
Ние генерално сите проблеми во репродукцијата, а тоа значи има проблеми во репродукцијата и во општествените дејности, мора да ги поделиме на акутни и хронични, или проблеми кои што тиштат подолго време и кои ќе не тиштат подолго време. Во сверата на општествените дејности не смееме да дозволиме дел од општествените дејности што се уставно гарантирани да не бидат алиментирани со средства.
Основното образование кое што е со Устав загарантирано и за оние што нема да овозможат на своите деца да го посетуваат основното образование, следат казнени мерки, државата не смее да го остави во состојба да биде прекинат процесот. Јас ви напо-менувам, Претседателството е информирано, посетено е од група наставници од основното образование, најавен е штрајк кој не е

предупредувачки, не е целосен, нешто е измеѓу, меѓутоа укажува на следното. Штрајковите во образованието, посебно имаат крајно негативни последици затоа што целосно се нарушува животот на слушателите. Часови може да има 5, мејручасови мора да има 15 минути, не се прифаќа материја во еден континуиран временски период. Не може како што се случи во средното образование да се држат продолжени, или скратени часови, да се учи секоја сабота.

Вториот елемент, за кои што ова Собрание не смее да дозволи да го испуштиме од вид ида не го решиме, заради тоа што и во назгнилиот капитализам, каде што соци]алата не е примерен елемент, никој не дозволува да не постои примарна здравствена заштита. Според тоа, тие два елемента Парламентот како највисок орган на власт заедно со ИС мора да ги обезбеди со средства кои што ќе бидат толку доволни, состојбата не може да се реши, но ќе бидат толку доволни за да не дојде до прекин во образованиот процес и да не доаѓаме во ситуација да немаме ни примарна здрав-ствена заштита. Конкретните предлози се следните.

Тие акутни проблеми за да се разрешат мора да се обез-бедат извори за финансирање. Ние сега се наоѓаме во еден вакум. СИЗ-овите што ги алиментира средствата за основното образование практично не функционираат , нема никаков прилив на средства. Ингеренциите на општината ги презема ИС. Со тоа се создаде еден вакум кој што е непокриен во сите делови најмногу во финансирањето Со оглед на тоа што се предвидува финансирашето на основното образование да доаѓа преку.Буџетот, а сега средствата во основното образование од стапки на придонеси, а во Буџет стапка на придонес не може да оди, мора да дојде до трасформација на стапките на придонес во даночни стапки. Тоа е задача број еден.

Покрај ова што господин Гошев го зборуваше зошто треба да го менуваме даночниот систем итн. и другите три извори што сега битисуваат, практично пресушија. Познато Ви е дека цели гранки  се ослободени од давачки, према општествените дејности, па према тоа и према основното образование. Тој извор е секнат. Понатаму, голем број на организации исплаќаат личен доход на ниво на гарантираниот и по него не ги исполнуваат обврските према општеството а тоа значи и према образованието. Понатаму, имаме огромен број на организации кои што исплаќаат личен доход, а поради финансиска недисциплина не ги исполнија обврските према општествените дејности.

Ако сакаме тој акутен проблем да го решиме, тие три-четири извори мора да застанат на нозе. Да не споменувам дека огромен број на организации исплаќаат личен доход преку бонови.

Повторно обврските према образованието не се даваат. Според тоа акутниот дел на проб-лемите во општествените дејности и во образованието лежи во разрешувањето на овие три четири извори.
Мислам дека и во стоапнството има акутни проблеми и хронични проблеми. Хроничните проблеми се резултат или рецидив на економскиот систем што постоеше , на невидената неефикасност на општествената сопственсот, на лошата структура на стопанството, на неефикасното работење, неискористените капацитети, прекубројност, итн. Но, нас моментално најмногу не тиштат актуелните или акутните проблеми. Акутните проблеми иако се декларираме дека поминуваме на пазарен начин на стопанисување сега се детерминирани од политич-киот фактор. Ќе кажам еден случај кој што е многу битен, а досега не е елабориран. Тврдам дека нашиот работен човек е наполно отруен од акутна болест која што се вика политика, Тој е демотивиран покрај другото и од неизвесноста за својата иднина, иднината на своите деца, иднината на државата во која што живее. Тотално е намалена J.^аботоспособноста на секој од нас, поради тоа што сме сите моментално пијани од политиката, поради неизвесноста од политиката. Покрај тоа политичкиот извор на проблемите , акутни во стопанството лежат во состојбите во државата, не внатре во Македонија. Ако се ненамире ните обврски по основ само на продадена роба од Македонија поголеми од загубите во Републиката, ако обврските на Федера-цијата се поголеми од нив итн. ние мора јавно да кажеме дека тешките акутни состојби во македонското стопанство се, пред се, покрај другите хронични што ги реков, детерминирани од тој политички фактор. Спрема тоа, разрешуван>ето на тие проблеми би лежело во разрешувањето на состојбите во државата Но, тоа нема да оди брзо.
Затоа, завршувам со следното, Маведонија мора да се сврти кон себе си. Мора да се изработат мерките на економската политика за 1991 година со сите можни варијанти што ќе бидат темпирани спрема можните излези во разврската на состојбата во Југославија. Во таа политика Македонија мора да обезбеди додатни средства. Ако некој може да гарантира дека ќе дојдат од оваа држава, од оваа Федерацијаг нека се оди на тоа решение
Меѓутоа, сакав да го кажам само следното, ние се претворивме во држава на пензионери, држава на вработени во Армија, вработени во Милиција, вработени во Управа, вработеnи во општествени дејности. Бројот на тие што го создаваат динарот што сите го трошиме, од ден на ден на ден се намалува. Посебно ова сакам да го потенцирам бидејќи мора да изнајдеме начин да прекинеме со издвојуваше на *луѓе* по основ на технолошки вишок заради тоа што бројот на тие што го создаваат динарот и понатаму се намалува. Луѓето одат на платен или неплатен одмор итн. Завршувам, Македонија мора да бара средства. Ако се најдат во Југославија во ред. Ако не надвор за да може да дојде до преструктуирање на стопанството, до обезбедување на средства за тие што излегоа по основ на технолошки вишок и да спречиме да одат организации под стечај што имаат поголеми побарувања од оние

што тие ги должат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Голубовски бараше збор

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Господин Ханциски кажа: Македонија мора да бара средства и тоа од надвор.Јас со тоа би започнал и тоа како едно размислуваше повеќе, можеби една полемика да отворам и нормално повеќе како констатација заради тоа што и така во дневниот ред е поставено, а заради тоа се откажав од едно пошироко излагање заради тоа што тоа се некои погледи за иднината, со што би побегнал од дневниот ред кој само констатира денеска зошто стоиме така лошо. Се работи за развојната стратегија, а во врска со тоа и сегментот на странските вложувања

Јас би го започнал ова со еден пример од моето искуство, некаде пред четири години имаше можност за 3 поголеци проекти во Фирмата каде работев, три проекти за во Македонија. Беше интересно само заради оценката дека Македонија е неразвиена и дека Македонија не стои добро. Заради тоа беше интересна. Звучи апсурдно, мегутоа во Европа очигледно неразвиените имаат привилегија. Нормално ако искористат да бидат интересни за странско вложување. Мислам дека нема причина да образложувам поради што.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ**:(ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Нормално, тие проекти се остварија во Полска затоа што Полска призна дека навистина е неразвиена и ја призна нерамноправ-ната позиција на договарање со фирмата каде работам. Тоа е до некаде суштината на тоа зошто во Македонија, по мое мислење, нема странски вложувања. Затоа што постои расчекор помегу она што ние сметаме дека треба да ни биде наше лице пред Европа и да се претставуваме, од она што е стварно. Имаме двоструко искажува-ње. Себе си си признаваме дека лошо стоиМе, а кога ќе треба да разговараме има друга позиција, потврда и ги изненадуваме странските партнери. Настрана од тоа што им помагаме да поверу-ваат дека не сме неразвиени кога ќе дојдат да видат каков личен, приватен стандард имаме.

За мене, тесно поврзано со расплетот во економската кри-за во Македонија, тој круг да се прекрати, е токму погледот над-вор а не внатре, бидејќи покажавме дека не сме ефикасни во рационализација на она што системски го реализираме во економската сфера. Тука резерви и ако постојат теоретски, тешко Чца можеме, заради менталитетот да ги оствариме.

Заради тоа сметам дека инвестициониот циклус треба да започне со странски влржувања во Македонија. Тука треба, пред се, да редефинираме што значи штетен договор за да ги растовариме менацрите наши да не се плашат веЈсе за глобалната политика за-ради тоа што во Македонија практично и нема механизми односно ^методологија што е штетно. Тоа што ние сме подготвени од разни наши причини да го кажеме дека е штетно, да елиминираме некого,

можеби на средни стази или подолги да биде многу корисно за Македонија, заради тоа што и со подредена економска позиција во преговорите ако се остварат средства што можат повеќе пати да се свртат, сигурно дека може да се компензира она што произлегло од лошата преговарачка позиција или тоа што свесно сме го прифатиле.
Затоа, јас се залагам ако е можно, покрај констатацијата во материјалот да се признае дека во поглед на странските вложувака не сме имале добра стратегија или пак не сме ја реализирале ако има таква, што ми е непознато, не ми.е непозната затоа што тврдам дека не постои туку затоа што не сум се занимавал со тој проблем, не сум сигурен дали постои или не, да се воведе ед-на методологија практично едно критично ниво на нерамноправност кое што како автоматизам ќе помага во разговорите со странските фирми. Заради тоа што предвидувам, и покрај желбата да дојде до брзо преструктуиран>е, дека тешко ќе може таа приватизација да ја извршиме и сепак поголемите стопански субјекти ќе останат, а тие се носечки во контактите со странски фирми во врска со можни странски вложувања.

Заради тоа уште еднаш би го кажал моето мислење дека подобро е да се соочиме со вистината да не стоиме тврдо на рамноправни позиции,да имаме реална позиција со странските вложу-вачи, да правиме разлика од тоа што е како стратегија политичка, нашата желба да одиме во Европа, а нашата желба за мене не е ние да одиме во Европа, туку Европа треба да дојде кај нас.
Во поглед на економската стратегија, јас би акцентирал дека за Европа повеќе можеме да бидеме интересни со земјоделст вото и туризмот. А, остатокот што претставува едно стопанско заокружување, да го побараме во економска,регионална соработка на Балканот. Ваквата економска стратегија ќе ни возврати дури и со политички можности, некои нови патишта што не сме сега во можност да ги откриеме. И за релативизација на границите.
На страна од ова би додал што вака нема врска, но има врска со тоа што значи рационализација, односно ако не друго континуитет, би се осврнал на проблемот околу новата Влада што тре-ба да се конституира. Ке одам еден чекор подалеку од она што како партија го застапуваме дека претседателот на Републиката, са-миот по свој избор и одговорност треба да предложи мандатор и експерт на Влада, па би додал и тоа дека најверојатно е единстве
но логично и умно да се инсистира на одреден континуитет со сегаш-ната Влада. Дали тоа ќе биде 40 или 50% или помалку реконструкција на Владата, во секој случај јас сум убеден и заради тоа сакам да ми биде чиста совеста тоа тука вечерва да го кажам дека и да имаме среќа да имаме способни ресорски носители, им треба долго време да влезат во кондиција ако не рачунаме на континуитет А, опасно се дава до знаење дека сакаме радикални промени. Дури и не знаеме какви ќе бидат тие промени.

Толку би се задржал во овој дел каде што само констатира-
ме а не нудиме ништо ново.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратеникот Арнаудов

**АРНАУДОВ:**

Господа пратеници, јас ќе бидам краток и ќе кажам само неколку реченици во врска со охридското стопанство. Знаете дека охридското стопанство долги години наназад беше едно од најпродуктивните, најуспени стопанства во Републикава. Особено покажа извонредни резултати во оние моменти кога почна да се применува реформата. Во тие моменти, стопанството на Охрид доживеа една експанзија невидена и во рамките на домашното производство и во извозот.

Меѓутоа, откако се повеќе почна реформата да јењава на некој начин и резултатите во охридското стопанство почнаа да стануваат се помали и помали. Мислам дека прИчината е јасна зошто до тоа дојде. Ако се почитуваа законите на реформата предвидени со онаа што господинот претседател на Синдикат спомна дека за 30 дена непрекината неликвидност или за 45 дена во 70, мислам де-ка многу претпријатија и стопански субјекти би западнале во такви тешкотии. Ако на време се применуваа мерките на реформата спрема нив, оние големи стопански гиганти што беа добри и успешно работеа, не ќе беа повлечени во тие исти води. Така, сега, еден стопански гигант како ЕМО или ОТЕКС, понесен од тие води затоа што тие обврзници спрема нив не биле ликвидни, не ги измириле своите обврски, сега и понатаму ЕМО не може да ги исполнува обврските спрема своите добавувачи и тоа коло се надоврзува така што и нај-добрите стопански субјекти започнуваат да па^аат во такви кризи. Истото се однесува и за ОТЕКС, а исто така и за другите стопански субјекти.

Сметам дека отстапуваа>ето од реформата ќе значи катастро-фа за македонското стопанство и единствен спас е, нормално фор-мулирана за македонскиот дел на стопанството, во реформата. Би-дејќи да речеме, сега што се предлагаат законите за економско-принудно поргшнување и стечај, тие не фигурираат и понатаму. Еве, конкретно неколку стопански субјекти кои не можат да ги исплатат своите обврски, бидејќи се неликвидни, истите тие не ги исполну-ваат своите обврски спрема другите, спрема третите и сето тоа

I

станува неисполнето. Што сега добиваме? Добиваме една тотална,
општа сиромаштија, отворено да речам спрема работниот човек. Овде
се залагаме да влеземе во Европа со цивилизирано општество, со слобода и човекови права, меѓутоа ако работникот економски не е слободен ние не можеме да влеземе. Сите знаеме дека сиромаш-тијата е најтежок облик на владеење. На сиромав човек колку год да му кажуваме дека има слободи и права, тоа не е постигнато. Затоа животно се залагам и заинтересиран сум за применување на реформите, модифицирани во услови на нашето стопанство.

На кратко ќе се задржам на уште една работа, се работи за

сферата во која работам, во трговијата. Во време на благосостојба,
70-тите години, а и во монополска позиција на трговијата, се гра-деа објекти што сега изгледаат гигантски. Една продавница 150 квадрати. Таму вработени 5, 8 или 12 продавачи. Сега, кога куповната сила на населението е намалена и кога на секој простор каде е овозможено се отвораат нови продавници, а вие знаете дека трговијата е најнападната од малото стопанство, 30% од трговијата сега се нао^а во рацете на малостопанствениците, сега веќе тие
објекти станаа тотално* непродуктивни, дури и нерентабилни. Во Охрид се случува едн апродавница од 150 квадрати што ја опслужу-ваат 20 души да прави промет околу 3-4 милијарди. Едно мало дуќаче од 8 квадрати прави исто така 3-4 милијарди.
Сакам да кажам дека реформата го овозможила тоа. Ние тоа го констатираме и сега во тој правец треба само да преземаме мер-ки да не чекаме, да не бидеме троми какви што бевме во овие 45
години. Реформата тоа го овозможува, таа подвижност, таа динамичност преструктуиран>е во бд и само така можеме да одиме напред и овие тешки состојби што Извршниот совет ги прикажа онакви какви што се, а можеби се и положи, мислам дека ќе се согласите.
Почитувајќи го времето, јас имав и повеќе да кажам, но се задржав само на ова.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господин Душко Николоски

**ДУШКО НИКОЛОСКИ:**

Почитувани пратеници, иако имав намера да ги изнесам своите две мислења во делот за општествено-економската положба на рудниците за обоена металургија во Македонија и најнесаканата категориЈа инфлацијата, во интерес на времето ќе бидам доста пократок.
Слушајќи го излагањето на потпретседателот на Извршниот совет, сакав да дадам поголема тежина во новото конципирање на програмите во идниот дел, така да кажам, бидејќи многу се манипулира со термините стара Влада, нова Влада. Со тоа би дал и апел,многу лесно се обидуваме да ги компромитираме сите кадри што сега се наоѓаат или кои исто така во наредниот период ќе ги избираме. А, проблемот што сакам да го потенцирам и што произлегува со но-вите проекции, се должи на следното:
Не можеме да очекуваме значително подобруваше на состојбите особено ако се има предвид дека сите проектирани, глобални,квантификации се засновани на проектираниот пораст на цената на мало на декемвриско ниво, околу 40%. Ако веќе знаеме што стана со целната од минатата година која беше значително помала, оттука и се поставува праша^вето дали не влегуваме со хиперинфлацијаи во деловнава 1991 година?

Одговорот е да. Затоа што, навидум веќе кредитната инфла-ција, инфлацијата на пари, буџетската инфлација, инфлацијата на цените како поселдица на оданочувањето, инфлацијата при падот на производството, инфлацијата поради девалвацијата, инфлација поради зголемување на трошоците, инфлација на цените предизвикани поради рестриктивноста и рестриктивната политика на надворешната трговија и слично. Оттука давам тежиште на инфлацијата, што по мое мислеше претставува економско-финансиска појава.

Инфлацијата најнегативно ќе влијае и ќе има страшно влија-ние врз остварувањето на производството, страотно ќе се почувствува врз остварувањето на производството и тоа преку изработка на реалните калкулации, мотивите за зголемување на продуктивноста, асортиманот, па и квалитетот на производите и услугите. Ваквите појави дестимулативно ќе влијаат на извозната активност, бидејќи се јасни барањата на светскиот пазар во поглед на цената, квалитетот,асортиманот на производството и друго.

Спомнувајќи го ова, сакам да се надоврзам со неколку реченици за општествено-економската положба во оваа ситуација на рударството во Македонија. Навидум, како што се потенцираше во одредени материјали, првите согледувања покажуваат дека мерките врз оваа групација обезбедуваат позитивни тенденции. Напротив, тие имаат негативно влијание врз општествено-економската положба на овој комплекс, особено на рудниците за олово и цинк за кое нешто говори економската положба на рудникот "Злетово" а не е подобра состојбата ниту со другите рудници во Македонија што се занимаваат со производство на руда.

Според остварените финансиски резултати во периодичниот и годишниот извештаз може да се види, а во ово] момент можам и да истакнам дека општествено-економската положба е веќе крајно нарушена, што ја прави состојбата скоро несовладлива, без преземање на позначајни системски решенија.

Кога го велам ова, сакам да надополнам, ако покрај сето ова се имаат предвид и проблемите во делот- на преработка на кон-центрати, што ги имаме со "Трепча", остварувањето на развојниот концепт, системските прашања што го регулираат пред се курсот на динарот, монетарната политика, каматната политика, заштитата, оптовареноста и низа други, вклучувајќи ја и сопственоста, тогаш станува се појасно зошто се живее од денес до утре и зошто изостануваат скоро сите активности. Ако на сето ова се додаде дека владее тотална неликвидност, пад на производството, тогаш е јас но зошто не може да се обезбеди континуитет во исплата на личните доходи. А, да не говорам за некое зголемување, па и менување на сопственоста на претпријатијата во областа на рударството.интерес на времето би рекол дека

концепирана макроекономска политика не обезбедува услови, нитуе гаранција за подготвување и поттикнување и подобруваше на општествено-економската положба на рудниците за олово и цинк па и бакарво Македонија.
Затоа и се наметнува ова прашање со сета своја сериозност и тежина да се решава на начин како го решаваат и другите економии во светот, ако сакаме да обезбедиме девизи за Македонија Спомнувајќи го ова, тражам место за специфичноста на проблемот во заклучокот, мислам под реден број 10, и овие претпријатија,покрај соодветни економски блокади што се појавуваат, да најдат место во приоритетот за обезбедување личен доход.

Воедно, сакам да предложам еден дополнителен заклучок, имајќи предвид пред се неколку моменти што ќе се јават во наредниот период, за наредните два-три месеци, произведени од вкупна-та состојба кои овде во неколку наврати беше потенцирано, а ние најдоброго чувствуваме, во срединините каде што *сб* се слева во организациите. Од политика, па до социјала.

Би предложил во; знак и заштита на кадрите што треба да ги спроведат реформите во стопанството, имајќи ја предвид социјалната тензија која е присутна и ќе биде исплатата на личните доходи од една страна, трансформацијата на фирмите низ призмата на рударството, поготово ако се има предвид дека нашата Република во југословенското производство учествува со 44% во производството на руда, односно 36% во производството на метали, мислам дека заслужува внимание низ тоа да предложам една идеја.
Имајќи предвид додатно дека сеуште ќе биде присутно и е присутно и настануваат внатрешни манипулации во фирмите, предлагам во секоја фирма, во новите процеси на реформата во која ќе се дефинираат, откријат и оценат дека има политички манипулации, таа политичка партиза- да пи сноси сите економски последици и консеквенции. Бидејќи се залагаме за промена на сопственоста, се залагаме за промена и спроведување на многу други реформи, политички и економски, а такви појави ќе има, затоа предлагам заклучоците да се дополнат со нов заклучок во таа смисла. Го немам напишано До колку е тоа прифатливо, би бил подготвен да го концепирам.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА**

Почитувани пратеници, од делокупните состојби во стопанството јас ќе се осврнам на земјоделството, кое се наоѓа во исклучително неповолна материјална и финансиска положба како што беа и зборовите на претседателот на Стопанската комора.

Тоа е така заради тоа што досега стално беше стопанска гранка одвтор ред, а исто така и поради последиците од катастрофалните суши во изминатите неколку години/ а особено во 1990 година. Есенската сеидба извршена со максимални напори, но на пргот е пролетната за коа земјоделството нема средства да ги изврши ако не се преземат мерки од пошироката заедница, а исто така е тука и проблемот со откупот на тутунот за кој нема доволно средства. Вработените во земјоделството поради сите овие состојби се среќаваат со проблемите на неликвидност со нередовната исплата на личните доходи и по неколку месеци. Средствата кои беа издвоени за санирак»е на последиците од сушата за 1990 година не оеа . доволни да за покри]ат ни мал дел од истата. Па затоа инсистирам да се преиспита можноста за доделување на средства од овие и други избори и во 1991 година за сушата во 1990 година.

На крајот предлагам конкретен заклучок по оваа

точка кој би гласел: Да во мерките за економски развој што ќе се донесат

за 1991 година земјоделството го добие местото и третманот од една од примарните гранки/ а исто така да се изнајдат и можности за финансова консолидација на земјоделството која што се заговара неколку годинц уназад,!.а никако да се спроведат

Во вториот дел од мојата дискусија ќе се осврнам за состој бите во општествените дејности * Имено, јас сум задолжена од вработените во основното образование даг ги изнесам проблемите со кои се судруваат, а тие се однесуваат пред на недостигот на средства за редовно работење, за материјални трошоци, големи позајмици, кој не се во можност да ги вратат и за кои плјсаат високи камати. Вработени од овие дејности со право укажуваат дека нивната основна цел треба да биде образовниот и воспитниот процес, а не и финансирањето. Во мојата општина има најавено штрајк за 10.111. за кои вработените унапред кажуваат дека не сакаат да дојде до него. Инаку, загрижувачки се состојбите во здравството каде неможат да се обезбедаст и

основното функционирање на дејност бидејќи се чувствува огромен недостиг на чекови, нема можности за редовно измируваше на обврските спрема клиниките и нередовно земање на личниот доход Ништо не е подборо состојбата ни во културата и социјалната заштита кои се финансираат од доходот бидејќи и овде се изоструваат проблемите поради с€ поголемиот бро;^ на социјалн случаи. Затоа како приоритетен заклучок треба да биде да се понудат трајни системски решенија за финансирање на овие дејности, а особено на образованието кое е обавезно и загрантирано со Устав.

Инаку, на крај да кажам дека ги прифаќам заклучоците што се однесуваат на

делот за општествените дејности особено заклучокот 4 и 5 во кои што се дава на некои начин е и на повидок разрешувањето на проблемот во општествените дејности пред се   преку изнаогање на системски и трајни извори за разрешување на овие проблеми за 1991 година, а исто така и за разрршување на останатите проблеми што останаа од 1990 година. Тоа е возаклучокот број 4.

**ПЕТАР ГЕОРГИЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници Во интерес на времето само ќе посочам учествував во работата на Пратеничката група и таму попширно ги образложив своите ставови. Но, уште во работата на Пратеничката група ние увидовме дека целите кои што ги има материјалот во самиот наслов не се доволни и затоа го проширивме нашето размислувње со единствена цел да овозможиме во расправата и преку расправата да се предложат и одредени мерки кој што ќе имаат итен и неодложен карактер Сметаме и сметавме дека целта на материјалот е постигната во делот на она што значи развој уште повеќе и во самото заклучување на мерките во материјалот е предложено да послужат за дефинирање нас мерките на економскаата политика за 1991 година. Но, состој бите во стопанството се такви што во овој момент налагаат потреба од проширување на нашите обврски за преземање неодложни и итни мерки, и со самото тоа проширување на самата цел. Се поставува прашањето кои механизми се неопходни да се применат за сегашната, за заштита на сегашната национална економија.

Со сегашните исплати на личните доходи имаме распад на ситемот на управувањето и раководењето во стопанството. Се девалвира  стручниот кадар иако во овој момент со ништо тој неможеме да го нападнеме и прогласиме за кривец за сета состојба. Еднаш изгубената доверба кај стручниот кадар, посебно во материјалното производство, тешко тоа после се стекнува. Има појави на посериозен напад на сегашната општествена сопственост, посебно во малите и средните претпријатија и тоа со сомнителни, како еден од претходните дискутанти ги кажа, и штетни договори. Користејќи го отсуството на механизмите на заштита што ако не се реагира на врем може да земе сеиозни размери. Јас така и размислувам. Можеби ние пак на светот ќе му понудиме некои модел што нема да биде сватлив а многу брзо  барем во ситните и средните претпријатија ќе понудиме модел кој најверојатно ќе дојде до брзо преструктуирање во приватна и општествена во делот на преструк туирањето на сопственоста. По прашањето на преструктуирањето би сакал и сигурно во друга прилика и малку ќе полемизираме посебно кога ќе бидат понудени мерките на економскатаполитика за 1991 година сметам дека доследна и стриктна примена на законот за капиталот во овој момент можеби и неможе да биде целосно прифатен. Посебно што се однесува за делот на рпеструктуирашето на капиталнтие објекти кој што имаат висок органски состав на капиталот.

Јас поставува сигурно отворено прашање како ние сопственички ќе го преструкутираме Југохром, Железара, со овој модел на работничко и интерно претприемништво. Се додека не се отвори пазарот на капиталот сб дотргаш ние не ќе имаме услови за такво преструктуирање. Во овие услови сигурно постојат можности преку овој модел сега и тоа добро да се примени во малите и во средните претпријатија, каде имаме низок органски состав на капиталот, каде имаме мало учество на капиталот, таму сигурно во овј момент може и да има резултати. Инаку, ова што сега го правиме може пак да не доведе до нова форма на волунтаризам. Јас се плашам од тоа дека само би ги промениле органите на на управување.
